СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 173 год. LXVII | 15 декември 2011, четврток | Цената на овој број е 270 денари

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
3804.	**Указ** бр. 28 од Претседателот на Република Македонија.....	2
3805.	**Указ** бр. 29 од Претседателот на Република Македонија.....	2
3806.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за здравство.....	2
3807.	**Правилник** за начинот на поставување и користење на техничките уреди и вршење на фотографирање, снимање и видеонадзор на граничните премини и долж граничната линија.....	3
3808.	**Правилник** за начинот на користење на погодности на осудени лица.....	4
3809.	**Правилник** за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено - поправните установи.	5
3810.	**Правилник** за престанување на важењето на Правилникот за времето што треба да го помине и условите што треба да ги исполни осуденото лице во установата од определен вид или во соодветно одделение на установата од општ вид.....	7
3811.	**Упатство** за определување на видовите и начините на третман на осудените лица	7
3812.	**Правилник** за формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност.....	14
3813.	**Правилник** за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување..	17
3814.	**Правилник** за користење на опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери.....	51
3815.	**Правилник** за формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за именување на тело за атестирање на сообразност.....	54
3816.	**Правилник** за изменување на Правилникот за просториите за откуп, сместување, чување и индустриска обработка на тутун, соодветна опрема за откуп и индустриска обработка на тутун и соодветен простор за сместување на обработениот тутун.....	56
3817.	**Правилник** за методологијата за пресметка на стандард аутпутот како и начинот за прибирање на податоците и информациите од мрежата, методологијата за утврдување на типологија на земјоделски стопанства, класификација на земјоделски стопанства по тип на земјоделско производство и класите на економска големина на земјоделските стопанства, максималниот број и минималната економска големина на сметководствените стопанства и формата и содржината на единствениот образец за определување на доходот и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства.....	56
3818.	**Решение** од Судскиот совет на Република Македонија.....	124

		Стр.
3819.	**Одлука** за набавка на електрична енергија за потребите на тарифните потрошувачи	**125**
3820.	**Решение** за забрана за увоз и повлекување од промет на семе од грчка детелина, одредени видови семиња и зрна кои се увезени од Египет во Република Македонија.....	**125**
3821.	**Правилник** за задолжителните елементи на општите услови за обезбедување на поштенски услуги.....	**126**
3822.	**Одлука** за доделување на државната награда „Мито Хаџи Василев Јасмин“ во 2011 година за остварувања во областа на публицистиката и новинарството од интерес на Република Македонија.....	**128**
3823.	**Објава** за стапката на трошоците на живот и платите за месец ноември 2011 година.....	**128**
	Огласен дел.....	**1-48**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3804.

Указ бр. 28

14 декември 2011 година

Врз основа на член 84, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија

СЕ ОДЛИКУВААТ:

потполковник ОРЦЕ ЈОРДЕВ,
мајор ДРАГАНЧО ВОЈНЕСКИ,
мајор ДИМЧЕ ВЕЛКОВ,
постар водник СТОЈЧЕ СТОИЛОВ,
постар водник ЗОРАН РИСТОВ и
водник ЗОРАН ТРАЈКОВ
со МЕДАЛ ЗА ХРАБРОСТ

за покажана исклучителна храброст и пожртвуваност во извршување на поставените задачи при екстремно тешки и опасни услови во акцијата за извлекување на загинатиот рудар од рудникот „Бучим“.

Бр. 10-2250
14 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

3805.

Указ бр.29

14 декември 2011 година

Врз основа на членот 84, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија

СЕ ОДЛИКУВА

САМИ НУРЕДИНИ
со МЕДАЛ ЗА ХРАБРОСТ

за покажана исклучителна храброст и пожртвуваност во спасување човечки живот при тешки и опасни услови од надојдените води на реката Вардар.

Бр. 10-2251
14 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3806.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/2005, 15/2007 и 35/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 4.12.2011, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник, Министерството за одбрана му престанува користењето на недвижните ствари – деловни простории лоцирани на ул. „Париска“, КО Карпош, КП 1818, зграда 1, влез 1, Имотен лист бр. 47496, сопственост на Република Македонија, и тоа:

Кат 01: ДП 201, ДП 202, ДП 203, ДП 204, ДП 205, ДП 206, ДП 207, ДП 208, ДП 209, ДП 210, ДП 211, ДП 212, ДП 213, ДП 214, ДП 215, ДП 216, ДП 217, ДП 218, ДП 219, ДП 220, ДП 221, ДП 222, ДП 223, Х3 и Х4, во вкупна површина од 610,22 м2;

Кат 02: ДП 35, ДП 36, ДП 37, ДП 38, ДП 39, ДП 40, ДП 73, ДП 74, ДП 75, ДП 76, ДП 77, ДП 78, ДП 79, ДП, 80, ДП 81, ДП 82, ДП 83, ДП 84, ДП 85, ДП 86, ДП 87, Х1, Х5, Х6, Х7 и Х8, во вкупна површина од 1.185,26 м2;

Кат 03: ДП 1, ДП 2, ДП 3, ДП 4, ДП 5, ДП 6, ДП 53, ДП 54, ДП 55, ДП 56, ДП 57, ДП 58, ДП 59, ДП 60, ДП 61, ДП 62, ДП 63, ДП 72, ДП 73, ДП 74, ДП 75, ДП 76, ДП 77, ДП 78, ДП 79, ДП 80, ДП 81 и Х1, во вкупна површина од 935,07 м2;

Сутерен: ДП 8, ДП 9, ДП 10, ДП 11, ДП 12, ДП 13, ДП 15, ДП 16, ДП 128, ДП 129, ДП 130, ДП 131 и ДП 132, во вкупна површина од 328,27 м2, и

Приземје: ДП 11 и ДП 145, во вкупна површина од 79,33 м2.

Член 2

Недвижните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење, без надомест на Министерството за здравство.

Член 3

Примопредавањето на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука, ќе се изврши помеѓу Министерството за одбрана и Министерството за здравство во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-7656/1
4 декември 2011 година
Скопје

Претседател на Владата на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

3807.

Врз основа на член 67 став 1 точката 4) од Законот за гранична контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр. 171/10) министерот за внатрешни работи, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ УРЕДИ И ВРШЕЊЕ НА ФОТОГРАФИРАЊЕ, СНИМАЊЕ И ВИДЕОНАДЗОР НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ И ДОЛЖ ГРАНИЧНАТА ЛИНИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на поставување и користење на техничките уреди и вршење на фотографирање, снимање и видеонадзор на граничните премини и долж граничната линија.

Член 2

На граничниот премин се користат автоматски технички уреди за фотографирање, снимање и видеонадзор и се применуваат други технички уреди за фотографирање на лица, односно снимање на настаните на подрачјето на граничниот премин.

Техничките уреди од ставот 1 на овој член се поставуваат на кровната конструкција на граничниот премин и на блиските објекти што се наоѓаат на граничниот премин на начин што овозможува покривање на целото подрачје на граничниот премин.

Покрај техничките уреди од ставот 1 на овој член, на граничните премини се поставуваат и користат следниве технички уреди, и тоа:

- уреди за читање-скенирање на личните биометриски податоци и фотографии на лицата, содржани во патните исправи и друг вид на документи, кои се поставуваат во кабините за пасошка контрола и/или дежурна просторија на граничниот премин;

- уреди за автоматско читање на регистарските таблици, кои се поставуваат во близина на кабините за пасошка контрола на начин што овозможува ефикасно читање на регистарските таблици;

- електронски уреди за земање на отпечатоци од прсти или од дланка, кои се поставуваат во кабините за пасошка контрола и/или дежурната просторија на граничниот премин;

- уреди за откривање на фалсификувани документи (докутест, докубокс и видеоспектрални аналајзери), кои се поставуваат во кабините за пасошка контрола и/или во објектот на граничниот премин;

- рачни УВ ламби;

- рачни лупи;

- ендоскопи за откривање и контрола на шуплини во моторните возила;

- СО 2 детектори;

- уреди за мерење на специфичната густина на материјалите;

- телескопски огледала;

- уреди за детекција на радиоактивни или јонизирачки зрачења;

- уреди за детекција на хемиска и биолошка контаминација;

- детектори за дрога и експлозиви;

- уреди за автоматска обработка на податоците и

- уреди за телекомуникации.

Член 3

На подрачјето на граничниот премин на видно место се поставува предупредување за поставените автоматски технички уреди за фотографирање, снимање и видеонадзор.

Предупредувањето од ставот 1 на овој член е во форма на правоаголна налепница или плоча со големина од 30 x 20 сантиметри на која има слика на камера и јасно видлив и читлив натпис на македонски јазик *ПОЛИЦИЈА-ПОДРАЧЈЕТО Е ПОД ВИДЕОНАДЗОР*, како и превод на натписот на англиски јазик.

Правоаголната налепница или плоча од ставот 2 на овој член се поставува на начин да може да биде видлива за сите патници и останати лица и на влез и на излез од територијата на Република Македонија.

Член 4

Долж граничната линија се користат автоматски технички уреди кои го детектираат секое движење или илегално преминување на државната граница, и тоа:

- мобилни или стационарни уреди;

- двогледи за дневно или ноќно набљудување;

- термални или обични камери за снимање и фотографирање;

- геосеизмички или геофонски сензори и

- радари за детектирање на движење на копно и вода.

Член 5

Двогледите за дневно или ноќно набљудување можат да бидат бинокуларни или моноокуларни.

Бинокуларните или моноокуларните двогледи се пасивни или активни –инфрацрвени.

Член 6

Термалните или обичните камери за снимање и фотографирање можат да бидат рачни, поставени на столбови (стационирани) и монтирани на возила (мобилни).

Член 7

Геосеизмичките или геофонските сензори се уреди кои се закопуваат во земја на одредени делови од државната граница, кои претходно се утврдени како можни правци на илегално движење.

Сензорите поставени на начинот од ставот 1 на овој член го откриваат секое движење на одредениот дел на државната граница.

Член 8

Радарите за детектирање на движење на копно и вода можат да бидат стационирани и мобилни, односно поставени на возила, хеликоптери и пловни објекти.

Член 9

Сите материјали добиени од користењето на автоматските технички уреди за фотографирање, снимање и видеонадзор се чуваат, користат и обработуваат во согласност со прописите за заштита на личните податоци и прописите за класифицирани информации.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на поставување и користење на техничките уреди и вршење на фотографирање, снимање и видео надзор на граничните премини и долж граничната линија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/07).

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 121-86113/1 Министер
6 декември 2011 година за внатрешни работи,
Скопје м–р **Гордана Јанкулоска,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

3808.

Врз основа на член 153-б став 4 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија” бр.2/06 и 57/10), министерот за правда, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПОГОДНОСТИ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на користење на погодностите на осудени лица.

I. ПОГОДНОСТИ КОИ СЕ СОСТОЈАТ ОД УБЛАЖУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО УСТАНОВАТА

Уредување на животниот простор со лични предмети

Член 2

Уредувањето на животниот простор со лични предмети се состои во овозможување осуденото лице да го уреди животниот простор во казнено-поправната установа (во натамошниот текст: установата) со: фотографии, слики, собно цвеќе, предмети, сопствено ќебе, ТВ апарат, аудио апарати (радиоапарат, МП3) или други работи кои ги изработило осуденото лице во своето слободно време кои се со примерна етичка содржина и со кои не се нарушува функционалноста на животниот простор, кои не им пречат на останатите осудени лица кои престојуваат во истата просторија и не е во спротивност со одредбите од Куќниот ред на Установата.

Почесто примање на пратки и примање на пратки со поголема тежина

Член 3

Осуденото лице може да прима една пратка повеќе од предвидениот број на пратки утврден со Куќниот ред на установата во текот на еден месец, чија тежина не може да биде поголема од 10 кг.

Примањето на пратки со поголема тежина се состои од можноста осуденото лице да прими една пратка повеќе од предвидениот број на пратки утврден со Куќниот ред на установата, чија тежина не може да биде поголема од 15 кг.

II. ПОГОДНОСТИ КОИ СЕ СОСТОЈАТ ОД ПОЧЕСТИ КОНТАКТИ СО НАДВОРЕШНИОТ СВЕТ

Продолжени посети или посети без надзор во просториите на установата

Член 4

На осуденото лице може да му се одобри користење на продолжени посети во траење од 90 минути во деновите предвидени со Куќниот ред на установата.

На осуденото лице може да му се одобри посета без надзор во просториите на установата во траење до 60 минути во деновите предвидени со Куќниот ред на установата.

Телефонирање без надзор

Член 5

На осуденото лице може да му се одобри телефонирање без надзор најмногу четири пати во текот на месецот во време определено со Куќниот ред на установата.

Престој со брачен или вонбрачен другар во посебна просторија без надзор

Член 6

Осуденото лице може да престојува со брачниот или вонбрачниот другар во посебна просторија без надзор по два месеци од извршената класификација и тоа во траење од 90 минути во текот на еден месец во деновите предвидени со Куќниот ред на установата.

Со погодноста од ставот 1 на овој член, осуденото лице може да се стекне доколку достави извод од матична книга на венчаните.

Осуденото лице може да престојува со вонбрачниот другар во посебна просторија без надзор доколку го пријави својот вонбрачен другар со изјава која своерачно ја потпишува во текот на престојот во приемното одделение, а вонбрачниот другар треба да обезбеди изјава заверена на нотар и да ја достави до установата.

Посети надвор од просториите на установата

Член 7

На осуденото лице може да му се одобри користење на посети надвор од просториите на установата со посетител во траење од четири часа во текот на еден месец во општината каде што се наоѓа седиштето на установата.

Посетител може да биде лице од потесното семејство на осуденото лице или лице кое претходно е пријавено во картонот за посети.

Слободен излез од установата до седум часа

Член 8

На осуденото лице може да му се одобри слободен излез од установата до седум часа во општината каде што се наоѓа седиштето на установата или во местото на живеење.

Отсуство до 15 дена во текот на годината

Член 9

На осуденото лице може да му се одобри отсуство до 15 дена во текот на годината во местото на живеење или во друго место што претходно го најавил, со тоа што отсуството во текот на месецот не може да биде подолго од три дена.

Целосно или делумно користење на одморот надвор од установата

Член 10

Осуденото лице може целосно или делумно да го користи одморот надвор од установата доколку е непрекинато работно ангажирано повеќе од шест месеци.

Бројот на денови што може да ги користи осуденото лице од првиот дел од одморот не може да биде помал од 12 дена.

Осуденото лице може да ја користи погодноста од ставот 1 на овој член во местото на живеење или во друго место што претходно го најавил.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник во Република Македонија".

Бр. 01-4691/1
6 декември 2011 година Министер за правда,
Скопје **Блерим Беџети,** с.р.

3809.

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија" бр.2/06 и 57/10), министерот за правда, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ, КЛАСИФИКАЦИЈА И РАЗМЕСТУВАЊЕ НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ВО КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица во казнено - поправните установи.

Член 2

Под класификација, во смисла на овој правилник, се подразбира поделба на осудените лица во соодветни одделенија во рамки на казнено-поправната установа (во натамошниот текст: установата) од одреден вид заради примена на мерки од ист или сличен вид.

Под распоредување, во смисла на овој правилник, се подразбира групирање на осудените лица во соодветни групи во рамките на одделенијата во установата од одреден вид.

Под разместување, во смисла на овој правилник, се подразбира промена на одредената група, одделение или установа заради успешно реализирање на целите на третманот.

I.КЛАСИФИКАЦИЈА НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

Член 3

При класификација на осудените лица, се земаат во предвид следните податоци:

- податоците од извршеното испитување на личноста на осуденото лице во приемното одделение на установата;

- видот и природата на кривичното дело;
- степенот на кривичната одговорност;
- податоците од извршената проценка за ризик;
- побудите од кои е извршено кривичното дело;
- ставот на осуденото лице кон кривичното дело;
- начинот на кој осуденото лице започнало да ја издржува казната;
- поранешната осудуваност;
- околноста дали против осуденото лице се води друга постапка или му е изречена друга казна затвор;
- однесувањето на осуденото лице при поранешно издржување на казната затвор во установата каде ја издржувал;
- возраста;
- здравствената состојба и
- психолошките, педагошките, социјалните, безбедносните карактеристики и потреби на осуденото лице.

Класификација на осудени лица во одделенија на установи од затворен и полуотворен вид

Член 4

Осудените лица се класифицираат во затворено, полуотворено или отворено одделение.

Во затворено одделение се класифицира лице осудено на казна затвор во траење подолго од три години, како и казна затвор над шест месеци за лице порано осудувано на казна затвор, чиј степен на ризик е многу висок, висок, среден или низок, кое е неподготвено за прифаќање на програмата за третман и од кое се очекува потешко да се адаптира на условите во установата.

Во полуотворено одделение се класифицира лице осудено на казна затвор во траење до три години, како и казна затвор до шест месеци за лице порано осудувано на казна затвор, чиј степен на ризик е многу висок, висок, среден или низок и кое е делумно подготвено за прифаќање на програмата за третман.

Во отворено одделение се класифицира лице осудено на казна затвор во траење до три години, чиј степен на ризик е низок или многу низок и кое е подготвено за прифаќање на програмата за третман.

Класификација на осудени лица во одделенија на установи од отворен вид

Член 5

Во полуотворено одделение се класифицира осудено лице чиј степен на ризик е многу висок, висок или среден, кое е неподготвено за прифаќање на програмата за третман и од кое се очекува потешко да се адаптира на условите во установата.

Во отворено одделение се класифицира осудено лице чиј степен на ризик е низок или многу низок и кое е подготвено за прифаќање на програмата за третман.

II.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА ВО ГРУПИ

Член 6

Осудени лица класифицирани во затворено одделение се распоредуваат во група В1, В2 или В3.

Во групата В1 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е многу висок.

Во групата В2 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е висок или среден.

Во групата В3 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден или низок и ако против него не се води друга постапка или не му е изречена друга казна затвор.

Член 7

Осудените лица класифицирани во полуотворено одделение се распоредуваат во група Б1 или Б2.

Во групата Б1 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е многу висок, висок или среден.

Во групата Б2 се распоредува осудено лице чиј степен на ризик е среден или низок и ако против него не се води друга постапка или не му е изречена друга казна затвор.

Член 8

Осудените лица класифицирани во отворено одделение, чиј степен на ризик е низок или многу низок и против кои не се води друга постапка или не им е изречена друга казна затвор, се распоредуваат во група А.

III.РАЗМЕСТУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

Член 9

Со разместувањето на осуденото лице се врши промена на третманот од построг вид во полиберален и обратно.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-4692/1
6 декември 2011 година
Скопје

Министер за правда,
Блерим Беџети, с.р.

3810.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за правда, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВРЕМЕТО ШТО ТРЕБА ДА ГО ПОМИНЕ И УСЛОВИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ ОСУДЕНОТО ЛИЦЕ ВО УСТАНОВАТА ОД ОПРЕДЕЛЕН ВИД ИЛИ ВО СООДВЕТНО ОДДЕЛЕНИЕ НА УСТАНОВАТА ОД ОПШТ ВИД

Член 1

Со овој правилник престанува да важи Правилникот за времето што треба да го помине и условите што треба да ги исполни осуденото лице во установата од определен вид или во соодветно одделение на установата од општ вид („Службен весник на Република Македонија“ бр.123/07).

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-4693/1
6 декември 2011 година
Скопје

Министер за правда,
Блерим Беџети, с.р.

3811.

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/06 и бр.57/10), министерот за правда, донесе

У П А Т С Т В О
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОВИТЕ И НАЧИНИТЕ НА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со ова упатство се определуваат видовите и начините на третман на осудените лица во казнено-поправните установи.

Член 2

Под поимот „третман“ во смисла на ова упатство се подразбира индивидуално определен динамичен систем на методи, мерки и постапки спрема осуденото лице во казнено-поправната установа (во натамошниот текст: установата) за време на извршување на казната затвор и во постинституционалниот период заради насочување, развивање и остварување на позитивни карактерни особини и способности на осуденото лице за негова ресоцијализација или социјална адаптација во општеството по извршувањето на казната.

Третманот на осуденото лице може да биде пенален, односно институционален и постпенален, односно постинституционален.

Член 3

Третманот на осуденото лице произлегува од индивидуализација на извршувањето на казната затвор.

Индивидуализација на третманот на осуденото лице се заснова на резултатите од интердисциплинарно организираното испитување на личноста на осуденото лице во приемното одделение на установата, по пат на анализа и синтеза на криминолошко-пенолошки, социолошки, психолошки, медицински, педагошки и други слични испитувања на личноста и на податоците за должината на изречената казна, видот и тежината на кривичното дело.

Со испитување на личноста на осуденото лице се добиваат резултати, односно показатели за: карактерните црти, својствата, потребите и навиките, психофизичките особини на личноста, интелектуалното и културното ниво, видот на образование и оспособеноста за одреден вид работа, здравствената, социјалната и материјална состојба, како и други социолошки, педагошки и пенолошки показатели.

Врз основа на добиените резултати од проучувањето на личноста на осуденото лице и од извршената проценка на ризик, се врши негова класификација во одредено одделение и распоредување во одредена третманска група заради применување на мерки и влијанија од ист или сличен вид.

Член 4

Третманот на осуденото лице во текот на извршувањето на казната затвор се остварува заради адаптација на осуденото лице во установата, прифаќање на сопствената одговорност за извршеното кривично дело, прифаќање и активно учество на осуденото лице во реализирање на целите од индивидуално одредената програма за третман, прифаќање и активно учество на осуденото лице во подготовката за постпеналниот период, како и заради социјална адаптација, особено кон оние осудени лица кои се спротивставуваат или го одбиваат третманот.

Член 5

Третманските активности со осудените лица во установата првенствено ги остваруваат службените лица од секторот за ресоцијализација.

Секторот за ресоцијализација соработува со другите сектори (сектор за обезбедување, стопанско-инструкторски сектор и сектор за здравствена заштита) при

што третманските мерки и влијанија се насочени кон остварување на целите од индивидуалната програма за третман.

Соработката од ставот 2 на овој член може да се остварува со неделни, двонеделни, месечни и тромесечни состаноци со службените лица од другите сектори кои се активно вклучени во реализирањето на индивидуалната програма за третман.

За постигнување на целите од индивидуалната програма за третман, дополнително може да се вклучат психотерапевти.

Бројот на осудени лица во третманска група со која работи едно службено лице од секторот за ресоцијализација се определува зависно од класификацијата по одделенија и тоа во отворено и полуотворено одделение најмногу до 30 осудени лица, а во затворено одделение најмногу до 15 осудени лица.

Член 6

Остварувањето на ресоцијализацијата или социјалната адаптација на осудените лица се заснова на почитување на следните основни принципи:

- на познавање на секое осудено лице;
- на непрекинато ангажирање на осуденото лице;
- на почитување и доверба спрема осуденото лице;
- на активно и доброволно вклучување на осуденото лице во сопствениот третман;
-на развивање на позитивни карактерни особини и способности за брзо и успешно враќање во општеството;
- на систематичност и постапност во спроведувањето на третманот и
- на единство на третманските влијанија.

Член 7

Принципот на познавање на секое осудено лице е основен предуслов за планирање и реализирање на третманските влијанија.

За спроведување на третманот, секторот за ресоцијализација на установата се запознава со податоците за личноста на осуденото лице , осудуваноста и извршеното кривично дело добиени во тек на престојот во приемното одделение на установата и од други дополнителни извори на информации.

Во текот на спроведувањето на третманот податоците за осуденото лице се дополнуваат со податоци за текот на третманот, манифестираниот став кон третманските влијанија, можни проблеми во одделни области (лични, семејни) и податоци од други области.

Член 8

Принципот на непрекинато ангажирање на осуденото лице се остварува со непрекинато исполнување на неговиот престој во установата со третмански активности од различен вид предвидени во индивидуалната програма за третман и распоредот на дневните активности пропишани со Куќниот ред на установата, задолженија и барања поврзани со целите од програмата.

Член 9

Принципот на почитување и доверба спрема осуденото лице претставува активен однос на службените лица во установата заснован на почитување на личноста на секое осудено лице и градење на меѓусебна доверба.

Член 10

Принципот на активно и доброволно вклучување на осуденото лице во сопствениот третман се остварува со мотивирање и поттикнување на осуденото лице во стекнувањето на одредени знаења, менување на изградените ставови и создавање на позитивни навики кои ќе го подигнат нивото на неговата лична и општествена свест.

Член 11

Принципот на развивање на позитивни карактерни особини и способности за брзо и успешно враќање во општеството подразбира третмански влијанија за индивидуален раст и развој на личноста на осуденото лице преку развивање на позитивните потенцијали и способности, изградување на почитување на себеси и другите луѓе, сопствените и туѓите добра, вредности и интереси.

Со развивање на позитивни карактерни особини и способности и со развивање на чувството на одговорност, осуденото лице стекнува способност за интеграција, односно адаптација во општествената средина без да ја доведе во судир сопствената свест со општествените норми.

Член 12

Принципот на систематичност и постапност во спроведувањето на третманот подразбира севкупноста на мерките, методите и облиците кои доведуваат до остварување на ресоцијализацијата, односно социјалната адаптација на осуденото лице.

Изборот на конкретните мерки зависи од потребите на секое осудено лице поединечно и тие се одредени од поставените цели во индивидуалната програма за третман.

Член 13

Принципот на единство на третманските влијанија подразбира свесно и координирано дејствување на сите фактори и учесници во третманот.

Службените лица во установата градат еднаков и усогласен службен однос кон сите осудени лица кој се заснова на почитување на човековите права.

II. ВИДОВИ НА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

Член 14

Третманот на осудените лица се остварува со примена на повеќе современи облици на институционален третман кои содржат општи или специфични третмански мерки.

Општите третмански мерки се остваруваат преку редовните програми, а специфичните третмански мерки преку специфичните програми.

1.Редовни програми

Член 15

Општи третмански мерки се:

- работа на осудени лица;
- образование на осудени лица;
- образование на осудени лица по занимање;
- морално-етичко воспитување и осуденичко самоорганизирање и
- слободни активности, спорт и рекреација на осудени лица.

1.1.Работа на осудени лица

Член 16

Со работата осудените лица образовно, стручно и професионално се оспособуваат за самостоен и корисен живот на слобода, ги развиваат сопствените потенцијали и работните навики.

Член 17

Вклучувањето на осудените лица во работниот процес се остварува со целосно почитување на следните начела:

- работата не треба да има понижувачки карактер;
- земање во предвид на физичките и психичките способности на осудените лица при остварувањето на правото на работа;
- овозможување на осудените лица да го избираат видот на работата согласно нивниот интерес за одреден вид на работа;
- ангажирање на осудените лица на продуктивна работа во определено работно време;
- професионално, стручно и корисно оспособување и
- овозможување на еднакви услови за работа како на слобода.

Член 18

За вклучување на осудените лица во работниот процес, потребно е:

- овозможување на работно ангажирање на сите осудени лица кои се способни за работа и сакаат да работат;
- систем на работилници од различен вид;
- работно ангажирање на осудени лица во согласност со стратегии за понудување на производите на пазарот;
- работа во просториите во кои се сместени осудените лица во установи од затворен тип;
- земјоделско-сточарски активности;
- работа надвор од установата;
- одржување на општата и личната хигиена и
- работа во кујна.

Член 19

Работното оспособување се врши од страна на инструктори и други оспособени лица кои со своето влијание придонесуваат за остварување на конкретните цели дефинирани во индивидуалната програма за третман на осуденото лице и тоа: промена на негативните ставови кон работата, развивање и поттикнување на интересот за работа, почитување на општата дисциплина во работата, соработка со другите осудени лица во работната група, како и соработка со другите стручни лица во спроведување на третманот.

1.2.Образование на осудени лица

Член 20

Во установите се обезбедуваат материјални, просторни и кадровски услови за реализирање на образованието како дел од редовните програми.

Член 21

Во тек на образовниот процес на осудените лица во зависност од индивидуалните потреби се врши описменување и дооформување на образованието.

Член 22

Видот и степенот на образованието зависи од бројот и структурата на осудени лица на кои им е неопходен образовен процес при што се земаат во предвид психофизичките својства, потенцијали и интереси за стекнување на образование во рамките на можностите на установата, како и претходниот стекнат степен на образование.

Член 23

Установата обезбедува задолжителна настава за неписмените и помлади полнолетни осудени лица согласно нивните психофизички особини, лични карактеристики, потреби и желби за стекнување на одреден вид на образование во рамки на можностите на установата.

Во установата се обезбедува настава согласно позитивните законски прописи од областа на образованието.

1.3.Образование по занимања

Член 24

На осуденото лице може да му се дозволи да се оспособи за одредено занимање, да го усовршува своето занимање или да се преквалификува за друго занимање, доколку тоа е во согласност со индивидуалната програма за третман.

Член 25

За стручното оспособување на осудените лица може да се применат различни видови на средно стручно образование при што може да бидат организирани курсеви за стекнување со квалификација за различни занимања во установата или во соработка со училишта и работнички универзитети надвор од установата.

Член 26

Образование не се спроведува на лица со потешки психички нарушувања и лица со растројства во однесувањето.

1.4.Морално-етичко воспитување и осуденичко самоорганизирање

Член 27

Со моралното-етичкото воспитување се остварува позитивно структурирање на личноста, јакнење на личната одговорност и активно вклучување на осуденото лице во реализирање на поставените цели во индивидуалната програма за третман и во општеството по отпуштањето од установата.

Член 28

Осуденичкото самоорганизирање подразбира решавање на прашања за подобрување на условите за заедничкото живеење и работа на осудените лица и решавање на проблемите на одделни осудени лица со цел кај осудените лица да се развие чувството на одговорност за нивните постапки и да се поттикнат за активно учество во реализирањето на индивидуалната програма за третман.

1.5.Слободни активности, спорт и рекреација на осудени лица

Член 29

Од страна на установите се изработуваат планови и програми за организирано пополнување на слободното време на осудените лица со спорт, рекреација, културно-уметнички и други активности.

Распоредот и времето на слободните активности на осудените лица е пропишано со одредбите од Куќниот ред на установата.

Член 30

Слободните активности опфаќаат информатичка, драмска, музичка, уметничка, литературна, ликовна и други креативни активности, разни спортови, читање на книги и весници, слушање на радио и следење телевизиска програма, посетување на театарски и кино претстави, издавање на весници и билтени, посетување на предавања, посетување на музички концерти и други активности.

Облиците на организирање на слободното време може да бидат индивидуални и колективни.

Учеството на осудените лица во културно – уметничките и спортските активности е на доброволна основа, а службените лица влијаат на поттикнување и учество на осудените лица во слободните активности.

2.Специфични програми

Член 31

Врз основа на утврдените потреби во индивидуалната програма за третман, покрај општите третмански мерки може да се спроведуваат и специфични третмански мерки за одделни категории на осудени лица и тоа:

- третман на осудени лица кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции;
- третман на осудени лица кои злоупотребуваат алкохол;
- третман на осудени лица сторители на сексуални деликти;
- третман на насилни осудени лица во затвор;
- третман на осудени лица за кривични дела со елементи на насилство;
- третман на помлади полнолетни осудени лица;
- третман на малолетни лица;
- третман на осудени лица жени;
- третман на осудени лица на казна доживотен затвор и
- медицинско – психолошки третман на на осудени лица (за определено време или за целиот период од извршувањето на казната).

Член 32

Специфичните програми од член 31 од ова упатство опфаќаат три нивоа на примена на третмански мерки, и тоа: мотивирање, вклучување во психосоцијална програма и подготовка за постпеналниот период.

Член 33

Мотивирањето за вклучување во одредена специфична програма во установата се врши од страна на службените лица од секторот за ресоцијализација кои по потреба соработуваат со служби и организации надвор од установата.

Член 34

Реализирањето на активностите планирани во психосоцијалната програма за одредена специфична третманска група може да се врши во соработка со надворешни соработници - психотерапевти.

Член 35

Подготовката на осуденото лице за постпеналниот период се врши од страна на службени лица од секторот за ресоцијализација, а по потреба во соработка со надворешни соработници, како и социјални работници од Центрите за социјална работа.

2.1.Третман на осудени лица кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции

Член 36

Третманот на осудени лица кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции се определува од специфичните потреби и карактеристики на осудените лица кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции и овозможува воспоставување на стабилна психофизичка состојба и намалување на ризичното однесување.

2.2.Третман на осудени лица кои злоупотребуваат алкохол

Член 37

Третманот на осудени лица кои злоупотребуваат алкохол се определува од специфичните потреби и карактеристики на осудените лица кои злоупотребуваат алкохол и овозможува воспоставување на стабилна психофизичка состојба и намалување на ризичното однесување.

2.3.Третман на осудени лица сторители на сексуални деликти

Член 38

Третманот на осудени лица сторители на сексуални деликти се определува од специфичните потреби и карактеристики на осудените лица за сексуални деликти и овозможува прифаќање на одговорноста за девијантното однесување и учење на вештини за самоконтрола со што би се намалил потенцијалот и ризикот од натамошно девијантно однесување.

2.4.Третман на насилни осудени лица во затвор

Член 39

Третманот на насилни осудени лица во затвор се определува од специфичните потреби и карактеристики на осудените лица со насилно однесување во затворот и овозможува прифаќање на одговорноста за насилното однесување во затворот и учење на вештини за самоконтрола со што би се намалил потенцијалот и ризикот од натамошно насилно однесување во затворот.

2.5.Третман на осудени лица за кривични дела со елементи на насилство

Член 40

Третманот на осудени лица за кривични дела со елементи на насилство се определува од специфичните потреби и карактеристики на осудените лица за кривични дела со елементи на насилство и овозможува прифаќање на одговорноста за сопственото насилно однесување и учење на вештини за самоконтрола со што би се намалил потенцијалот и ризикот од натамошно насилно однесување.

2.6.Третман на помлади полнолетни осудени лица

Член 41

Третманот на помлади полнолетни осудени лица се определува од специфичните потреби и карактеристики на полнолетни осудени лица на возраст од 18 до 23 години и овозможува формирање на идентитетот на младата личност, здрав психо-физички развој, едукативни активности, посебни активности за корегирање на девијантното однесување и учење на вештини за самоконтрола со што би се намалил потенцијалот и ризикот од повторно вршење на кривично дело.

2.7.Третман на малолетни лица

Член 42

Третманот на малолетните лица се определува од специфичните потреби и развојни карактеристики на личноста во детството и младоста и овозможува социјализација на личноста и отстранување на репресијата.

Член 43

При третманот на малолетните лица посебно внимание се посветува на образованието и стручното оспособување, здравствена превенција и здравствено образование, создавање работни навики, развивање на чувството на одговорност кон себе, другите личности и општествените барања, организирање на слободното време во форма на спортско-рекреативни активности и креативни активности, контакти со семејството или законските старатели, позитивни социјални контакти со надворешниот свет и подготовка за постпеналниот период.

Посебна грижа при третманските активности со малолетните лица се посветува на малолетните лица кои претрпеле физичко, сексуално или психичко насилство.

Член 44

Во текот на престојот во приемното одделение се добиваат сознанија за личноста на малолетното лице и зависно од податоците од проценката на ризикот, се изготвува индивидуална програма за третман на малолетни лица.

Во рамки на институционалниот третман спрема малолетните лица се применуваат различни методи и постапки чиј избор зависи од поставените цели во индивидуалната програма за третман.

Член 45

Изрекувањето на дисциплинска казна упатување во самица спрема малолетни лица се применува само во исклучителни случаи при постоење на потешки дисциплински повреди.

2.8.Третман на осудени лица жени

Член 46

Третманот на осудени лица жени се определува од специфичните потреби и карактеристики на осудените лица жени и овозможува прифаќање на одговорноста за сопственото однесување и учење на вештини за самоконтрола со што би се намалил потенцијалот и ризикот од повторно вршење на кривично дело.

Посебна грижа и внимание се посветува на психолошките потреби на жената поврзани со мајчинството, психолошки и хормонални промени и одржување на контакти со децата.

2.9.Третман на осудени лица на казна доживотен затвор

Член 47

Третманот на осудени лица на казна доживотен затвор се определува од специфичните потреби и карактеристики на осудените лица на казна доживотен затвор и овозможува адаптација на затворските услови на живот, намалување на негативните ефекти што произлегуваат од должината на казната и активно учество во третманските активности, прифаќање на одговорноста за сопственото девијантно однесување и учење на вештини за самоконтрола со што би се намалил потенцијалот и ризикот од повреди во затвор и од повторно вршење на кривично дело.

2.10.Медицинско-психолошки третман

Член 48

Медицинско-психолошкиот третман почнува да се спроведува веднаш по извршениот прием во установата кај одделни категории на осудени лица врз основа на резултатите од испитувањето на личноста и од извршената проценка на ризикот во приемното одделение или во текот на извршувањето на казната ќе се утврдат здравствени проблеми кај осуденото лице.

Медицинско-психолошкиот третман трае се додека постојат причини за негово спроведување.

Член 49

За време на спроведување на медицинско-психолошкиот третман во зависност од природата на заболувањето и здравствената состојба на осуденото лице, другите облици и методи на третман се редуцираат на минимум или целосно се исклучуваат.

III. НАЧИН НА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

Член 50

Ресоцијализацијата и социјалната адаптација на осудените лица се остварува со помош на определени методи и постапки.

Пенолошкиот третман во установите се остварува со помош на методите на индивидуален и групен третман.

1. Индивидуален третман

Член 51

Индивидуалниот третман претставува планирано влијание за промена на личноста на осуденото лице при што се остваруваат позитивни третмански резултати.

Методи на индивидуален третман се интервју, мотивационо интервју, индивидуален разговор, индивидуално советување и индивидуална психотерапија.

Видот на избраните методи при индивидуалниот третман зависи од личните карактеристики и потребите на осуденото лице.

1.1. Интервју

Член 52

Интервју е метод на индивидуален третман со кој се собираат податоци во зависност од поставените третмански цели.

Интервјуто може да содржи структурирани или неструктурирани прашања зададени на устмен или писмен начин.

1.2. Мотивационо интервју

Член 53

Мотивационото интервју се користи за мотивирање на осуденото лице за активно вклучување во третманските активности од индивидуалната програма за третман во тек на престојот во приемното одделение и за време на извршувањето на казната затвор.

1.3. Индивидуален разговор

Член 54

Индивидуалниот разговор е метод на индивидуален третман преку кој службеното лице кое го спроведува третманот го комплетира впечатокот за осуденото лице и собира податоци за натамошно постапување.

Секој индивидуален разговор со осуденото лице се врши врз основа на претходно одредена цел и подготвен план за негово спроведување.

1.4. Индивидуално советување

Член 55

Индивидуалното советување е метод на индивидуален третман преку кој се влијае на промена на ставовите и поведението на осуденото лице.

Методот на индивидуално советување не се применува на осудените лица со значајни психички проблеми и ментални растројства на личноста.

Времетраењето и зачестеноста на методот на индивидуалното советување го одредува службеното лице кое го спроведува третманот во зависност од личноста, потребите и поставените третмански цели.

1.5. Индивидуална психотерапија

Член 56

Индивидуалната психотерапија претставува систем на различни техники со теориска ориентација на различни психотераписки правци.

Со индивидуалната психотерапија се остварува промена во личноста на осуденото лице со помош на психотерапевт.

2. Групен третман

Член 57

Групниот третман претставува истовремено планско влијание врз определена група на осудени лица со што се остваруваат позитивни третмански резултати врз групата како целина и нејзините членови.

Заради остварување на групниот третман, осудените лица се групираат во хомогени и хетерогени групи, слични или идентични на групите во кои ќе биде вклучен секој поединец по отпуштањето од установата со цел да се изгради и зајакне самоконтролата на секој член на групата и соочување и решавање на потенцијално ризични ситуации.

Методи на групен третман се групна работа, групно мотивационо советување, групно советување и групна психотерапија.

2.1. Групна работа

Член 58

Со метод на групна работа се остваруваат различни третмански активности за осудените лица определени со индивидуалната програма за третман.

2.2. Групно мотивационо советување

Член 59

Групното мотивационо советување се применува за хомогени или хетерогени групи на осудени лица со цел за мотивирање за активно вклучување во редовните и специфичните третмански мерки.

2.3. Групно советување

Член 60

Со методот на групно советување се развиваат и зајакнуваат позитивните карактеристики на личноста на секој поединец во групата заради полесно адаптирање во текот на извршувањето на казната и по отпуштањето од установата.

Лицето кое го води групното советување ги поттикнува членовите на групата на психолошки интеракции и развивање на функционални облици на поведение.

Член 61

При формирањето на групата се води грижа за доброволно вклучување на осуденото лице во групата.

При формирањето на групите се води сметка бројот на членови да биде од осум до 15 члена.

Зачестеноста и времетраењето на групната работа се планира во групни сесии при што секоја сесија ќе трае 45-90 минути.

Сесиите по правило се одржуваат на неделна основа во зависност од поставените третмански цели, напредувањето на групата и проценката на стручните лица, но не поретко од еднаш на секои две недели.

2.4. Групна психотерапија

Член 62

Методот на групна психотерапија се остварува со теориска ориентација на различни психотераписки правци.

Групната психотерапија е метод на третман каде што промената се постигнува со стават на поединецот во група и групни односи.

Поединецот пред групата и во групните односи ги манифестира своите свесни и несвесни содржини и станува свесен за сопствените дисфункционални облици на поведение, мисли и чувства, при што осознава нови фукнционални облици на поведение, мисли и чувства.

Член 63

Осуденичките групи кај кои се применуваат методите на групна психотерапија може да бидат од хомоген или хетероген состав.

IV.ПОСТПЕНАЛНА ПОМОШ

Член 64

Постпеналната помош зависи од степенот на успешност на институционалниот третман, односно од оспособеноста на осуденото лице за успешно вклучување во општеството.

Постпеналната помош е последната фаза од спроведувањето на програмите во установата при што потребна е соработка и помош од организации и институции надвор од установата.

Член 65

Внатрешната помош подразбира поттикнување, охрабрување и давање совети на осуденото лице за решавање на сопствените проблеми со кои се соочува веднаш по отпуштањето од установата.

Надворешната помош се манифестира низ разни облици и тоа: привремено сместување и обезбедување на исхрана, обезбедување на нужно лекување, избор на нова средина во која ќе живее осуденото лице, помагање во средување на семејните состојби, наоѓање на соодветно вработување, овозможување да се доврши започнатото образование, давање парична помош за покривање на најнеопходните потреби и слично.

Постпеналната помош е неопходна за малолетни лица и помлади полнолетни осудени лица и за лица кои извршувале долги казни затвор.

V.ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 66

Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 123/07).

Член 67

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-4690/1
6 декември 2011 година Министер за правда,
Скопје **Блерим Бећети,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

3812.

Врз основа на член 41 став 9 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03,19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11 и 135/11), министерот за финансии, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДАНОЧНАТА ПРИЈАВА НА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност.

Член 2

Даночната пријава на данокот на додадена вредност се поднесува на образецот “ДДВ-04”, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на даночната пријава на данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” број 128/2010).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 20-37195/4
7 декември 2011 година Министер за финансии,
Скопје м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАНОЧНА ПРИЈАВА
на данокот на додадена вредност

ДДВ-04

*Пополнува Управа за јавни приходи

Даночен број за ДДВ

Датум и број на прием

04-VI

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Даночен период

од . . .

до . . .

Телефон

Рок за поднесување . . .

е-пошта

Исправка на ДДВ-пријава

ПРОМЕТ НА ДОБРА И УСЛУГИ

*"без денг"

		Даночна основа без ДДВ		ДДВ
Оданочив промет по општа даночна стапка	01		02	
Оданочив промет по повластена даночна стапка	03		04	
Промет ослободен од данок со право на одбивка на претходен данок	05			
Промет ослободен од данок без право на одбивка на претходен данок	06			
Вкупно (01+03+05+06)	07		Вкупен ДДВ (02+04) 08	

ВЛЕЗНИ ИСПОЛНУВАЊА СО ПРАВО НА ОДБИВКА

Влезен промет	09		10
Увоз	11		12
Претходни даноци за одбивање (10+12)			13
Останати даноци, претходни даноци и износи за одбивање			14
ДАНОЧЕН ДОЛГ/ПОБАРУВАЊЕ	*Ако барате враќање на данокот, внесете "х" пред полето 15		15

ПРИЛОЗИ Број на периодични финансиски извештаи од одобрените фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања

ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

ЕДБ/ЕМБГ

Назив

Име Презиме

Улица Број

Населено место

Телефон/ мобилен

ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ

Управител Полномошник

ЕМБГ Потпис и печат М.П.

Име Презиме

Улица Број

Населено место

Телефон/ мобилен Датум на поднесување . . .

УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

ДДВ-04

Даночните обврзници кои се обврзани за регистрација или кои доброволно се регистрирале за целите на данокот на додадена вредност, обврзани се да поднесат Даночна пријава на данокот на додадена вредност (образец "ДДВ-04") за секој даночен период (месец, тримесечје или година).
ДДВ-пријавата се поднесува во рок од 25 дена по истекот на соодветниот даночен период, до даночната канцеларија на УЈП или во електронска форма преку http://etax.ujp.gov.mk/

Кон образецот "ДДВ-04", даночниот обврзник е должен да поднесе Периодичен финансиски извештај од одобрените фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања, а Периодичен извештај од неговите денарски трансакциски сметки и девизни сметки поднесува носителот на платен промет.

ДДВ-пријавата се поднесува и во случај кога даночниот обврзник во соодветниот даночен период нема извршено оданочив промет.
Во случај на престанок со вршење на дејност, даночниот обврзник е должен да поднесе даночна пријава во рок од 25 дена по истекот на календарскиот месец, во кој престанал со дејноста.
Во случај на промена на даночниот период, врз основа на поднесено и одобрено барање од УЈП, даночниот обврзник е должен да поднесе даночна пријава во рок од 25 дена по истекот на календарскиот месец во кој е поднесено барањето, за периодот од почетокот на календарската година до крајот на месецот во кој е поднесено барањето.
Даночните должници кои неовластено истакнале ДДВ во фактурите должни се да поднесат ДДВ-пријава за оној даночен период за кој настанал даночниот долг.
Ваква обврска имаат и даночните должници кои не се регистрирани за целите на ДДВ, а кои се јавуваат како примачи на добра или корисници на услуги за промет кој е извршен од даночните обврзници кои немаат ниту седиште ниту подружница во Р.М.

При пополнување на даночната пријава, податоците внесете ги читливо и целосно, со печатни букви со црна или сина боја. Податоците внесете ги во точно означените полиња. Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.
Износите се искажуваат во денари, без дени.
Доколку внесувате негативни износи, истите ставете ги со предзнакот "-".
Напомена: Даночните обврзници кои се регистрирани за целите на данокот на додадена вредност во првите две полиња од "Даночен број за ДДВ" ја внесуваат ознаката МК.

Промет на добра и услуги

Поле 01 Износ на вкупниот оданочив промет на добра и услуги (без ДДВ) што се оданочува по општа даночна стапка.
Поле 02 Износ на ДДВ кој отпаѓа на оданочивиот промет на добра и услуги по општа даночна стапка.
Поле 03 Износ на вкупниот оданочив промет на добра и услуги (без ДДВ) што се оданочува по повластена даночна стапка.
Поле 04 Износ на ДДВ кој отпаѓа на оданочивиот промет на добра и услуги по повластена даночна стапка.
Поле 05 Износ на прометот ослободен од данок со право на одбивка на претходниот данок.
Поле 06 Износ на прометот ослободен од данок без право на одбивка на претходниот данок.
Поле 07 Вкупен збир на полињата 01, 03, 05 и 06.
Поле 08 Вкупен збир на полињата 02 и 04.

Влезни исполнувања со право на одбивка

Поле 09 Износ на сите влезни промети со право на одбивка на претходниот данок, без ДДВ и без увозот (тој се искажува посебно во поле 11).
Поле 10 Износ на претходен данок за одбивка.
Поле 11 Износ на извршениот увоз со право на одбивка на претходниот данок (без ДДВ).
Поле 12 Износ на платениот ДДВ при увоз кој може да се одбие како претходен данок.
Поле 13 Збир на полињата 10 и 12.
Поле 14 Даночни износи кои се должат според членовите 31 став 2, 32 точка 4 и 55 став 1 и 2, даночни износи кои се побаруваат според член 33 став 2 точка 2 и претходни даноци според член 37 кои се одбиваат или плаќаат, како и даночни износи кои се должат или побаруваат заради промена на даночната стапка или поништување на договор. За секој од наведените износи, доставете писмено објаснување во прилог.
Поле 15 Севкупен износ на долгуван или на побаруван ДДВ (резултат од полињата (08 - 13) и 14).
Доколку не пријавувате износи во полињата 01 до 14, истите оставете ги празни. Во тој случај исклучиво во полето 15 впишете "0".
Побарувањата на ДДВ искажани во ДДВ-пријавите, начелно се пренесуваат на идниот даночен период. Доколку сакате исплата, пред полето 15 ставете знак "x".

Исправка на ДДВ-пријава

Доколку даночниот обврзник утврди дека пријавил неточно или нецелосно промети, даноци или претходни даноци во одредена даночна пријава, за соодветниот даночен период должен е да изврши исправка на даночната пријава преку поднесување на нова исправена даночна пријава за тој даночен период и тоа најдоцна до рокот за доставување на годишната сметка.

Доколку поднесувате исправка на претходно поднесена ДДВ-пријава, означете го полето "Исправка на ДДВ-пријава" со внесување на знакот "x" и наведете го даночниот период за кој се врши исправката.
Напомена: Исправката не се врши преку искажување на разликите во износите, туку преку искажување на целосните износи.

Прилози

Наведете го бројот на приложените периодични финансиски извештаи од сите одобрени фискални системи на опрема.
Доколку не сте обврзани за воведување и користење на одобрен фискален систем на опрема според закон, во полето внесете "0".

Податоци за составувачот и потписникот

Задолжително пополнете ги податоците за потписникот, неговото својство и адресните податоци за потписникот и составувачот.
Не заборавајте своерачно да ја потпишете оваа пријава и да ставите печат.

3813.

Врз основа на член 49 од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05, 139/06, 160/07, 159/08, 85/10, 47/11 и 135/11), министерот за финансии донесува

П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ДВОЈНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ ИЛИ ДВОЈНОТО ОДАНОЧУВАЊЕ

I. Општа одредба

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречувањето на двојното ослободување или двојното оданочување.

II. Утврдување на данокот на добивка на непризнаените расходи

Член 2

Основа за пресметување на данокот на добивка преставува износот на непризнаените расходи утврдени со Законот за данокот на добивка (во понатамошниот текст Законот), намален за износот на даночниот кредит. Пресметката на данокот се врши на образец “ДБ“ - Даночен биланс за оданочување на непризнаени расходи, кој е составен дел на овој правилник.

Непризнаените расходи за даночни цели ги сочинуваат оданочивите расходи и помалку искажани приходи и расходи и помалку искажани приходи од поврзани лица утврдени со Законот.

За целите на утврдувањето на оданочивите расходи и помалку искажани приходи и расходи:

- организиран превоз, во смисла на точка 3) на членот 11 од Законот, подразбира посебен линиски превоз само на определена група патници со исклучување на други патници. Со посебниот линиски превоз на патници се врши превоз на работници од дома до местото на работа и обратно, врз основа на договор склучен во писмена форма меѓу правно лице кое го нарачува превозот и превозникот во согласност со Законот за превоз во патниот сообраќај;

- организирана исхрана, во смисла на точка 3) на членот 11 од Законот подразбира постоење на организациона единица во рамките на деловниот процес на работодавачот, во која на организиран начин работодавачот самостојно или со посредство на други компании врз основа на склучен договор за приготвување и дистрибуција на топол оброк им обезбедува исхрана на вработените. Организираната исхрана може да се јави кога местоположбата на извршувањето на работите и работните задачи кај работодавачот (фабрика, истурена градежна и др. оператива, рудник и сл.) или природата на работењето не им овозможува на вработените лица да се обезбедат со храна на друг начин;

- како органи на управување, во однос на точка 4) од членот 11 на Законот, се сметаат сите управни органи и органи на надзор согласно со Законот за трговските друштва;

- за поврзани физички лица со даночниот обврзник (правното лице – субјект), во смисла на точка 7) на членот 11 од Законот, се сметаат припадниците на исто семејство, доколку припаѓаат на еден од следните меѓусебни односи, и тоа: брачен другар; роднина по права линија; браќа и сестри; деца на браќата и сестрите; сопружници на браќата и на сестрите и браќата и сестрите на сопружниците и родителите на сопружниците; браќа и сестри на родителите и хранители и посвоители;

- трошоците за кало, растур, крш и расипување, во смисла на точка 16) на членот 11 од Законот, не може да отстапуваат од вообичаените износи кои настануваат во дејностите од иста или слична природа;

- трајниот отпис на ненаплатените побарувања од точка 17) на членот 11 од Законот, се смета за одаочив расход доколку претходно не била направена исправка на вредноста на побарувањата;

- исплатените надоместоците на трошоци и други лични примања од работен однос што не се утврдени со член 11 став 1 точка 2) од Законот, се сметаат за одаочив расход; и

- пропорционалниот износ на амортизацијата на средства за кои е искористено даночното ослободување по основ на реинвестирана добивка во даночните биланси за 2007 и 2008 година, се сметаат за одаочив расход.

Расходи и помалку искажаните приходи од поврзани лица претставуваат:

1) Разликата меѓу трансферната цена и пазарната цена остварена меѓу поврзани лица. Утврдувањето на разликата од деловни и финансиски трансакции помеѓу поврзани лица се врши според принципот ‘‘дофат на рака (arm’s length principle)‘‘, односно според условите во кои тие трансакции не се разликуваат од оние помеѓу неповрзани лица во споредливи околности. Даночниот обврзник на барање на даночниот орган треба да презентира доволно информации и анализи за потврдување на условите од трансакциите помеѓу поврзани лица според принципот дофат на рака;

2) Износот на делот од камати по заеми добиени од поврзано лице кој го надминува износот на важечките каматни стапки доколку се работи за заеми добиени од неповрзани лица. Кај заемите кои се добиени од поврзано лице кое не е банка или друга овластена кредитна институција, односно не се добиени директно или индиректно од меѓународни финансиски институции и заемите за кои гарантира Република Македонија, при утврдувањето на расходите од камати се признава пресметаната камата најмногу до висината на каматната стапка која би се остварила помеѓу неповрзани лица, во моментот на одобрувањето на заемот, или доколку даночниот обврзник не може евидентирано да докаже дека висината на каматната стапка е во согласност со одредбата од точка 1 на овој став тогаш ќе се признае најмногу до висината на EURIBOR стапката за девизните кредити со соодветна рочност и SKIBOR стапката за денарски кредити зголемени за еден процентен поен. При утврдувањето на приходите од каматите на заеми дадени на поврзани лица, се признаваат пресметаните камати, најмалку до висината на каматните стапки, кои би се остварile помеѓу неповрзани лица, во моментот на одобрувањето на заемот, или доколку даночниот обврзник не може евидентирано да докаже дека висината на каматната стапка е во согласност со одредбата од точка 1 на овој став тогаш ќе се признае најмалку до висината на EURIBOR стапката за девизните кредити со соодветна рочност и SKIBOR стапката за денарски кредити зголемени за еден процентен поен;

3) Износот на затезните камати меѓу поврзани лица;

4) Износот на каматите на заемите добиени од содружниците или акционерите нерезиденти со најмалку 25% учество во капиталот на друштвото, кои за повеќе од трипати го надминуваат износот на уделот на тој содружник или акционер.

За заеми се сметаат и заемите од трети лица кои се гарантирани од страна на содружникот или акционерот, како и заемите кои се добиени од банки врз основа на депозит на тој содружник или акционер во таа банка. Каматата што не се признава како расход, се утврдува на тој начин што вкупната камата од тековната година ќе се помножи со делот на заемите кој го надминува соодносот 1 : 3 (еден за капитал : три за заем) и ќе

се подели со износот на вкупните заеми. Уделот на содружникот или акционерот во капиталот на корисникот на заемот, се утврдува како просек од состојбата на:

- основната главнина намалена за неуплатениот дел;
- резервите (освен реваloризационите резерви) и
- нераспределените добивки, намалени за износот на непокриените загуби, на првиот и последниот ден во даночниот период- годината во кој заемот се користи.

Износот на непризнаените расходи се намалува за износот на даночниот кредит по основ на трошоците со одложено признавање за кои во претходните даночни периоди било извршено зголемување на даночната основа, соодветно на одаченииот износ.

Данокот на добивка се утврдува кога на даночната основа од став 1 на овој член ќе се примени даночна стапка утврдена со членот 28 на Законот.

Член 3

Износот на утврдениот данок од член 2 став 6 на овој правилник, се намалува за одобреното даночно ослободување и олеснување по основ на: набавените и ставени во употреба до десет фискални системи на опрема за регистрирање на готовинските плаќања. Регистрираните ДДВ обврзници го намалуваат данокот на добивка во висина на фактурната вредност на набавениот и ставен во употреба фискален систем на опрема, намален за износот на данокот на додадена вредност. Нерегистрираните ДДВ обврзници, го намалуваат данокот на добивка во висина на вкупната фактурна вредност.

Одобреното даночно намалување од став 1 на овој член, кое е поголемо од износот на утврдениот данок, се пренесува на товар на данокот утврден во даночните биланси за годините што следат, се до целосно искористување на правото.

Член 4

На субјектите коишто остваруваат доход во странство на кој согласно Договорите за одбегнување на двојното оданочување е пресметан и платен данок по задршка, освен данокот на дивиденди остварени врз основа на учество во капиталот кај нерезидентното лице и данокот пресметан и платен на добивката остварена во нерезидентната подружница на домашното правно лице, им се одобрува даночен кредит во висина на платениот данок, но не повеќе од данокот што би се добил со примена на пропишаната даночна стапка во Република Македонија. За таа цел даночниот обврзник кој остварува приходи во странство, доставува доказ за задржаниот и платен данок, од надлежниот даночен орган на странската држава.

Одобреното даночно намалување од ставот 1 на овој член кое е поголемо од износот на пресметаниот данок, се пренесува на товар на данокот утврден во даночните биланси за годините што следат, се до целосно искористување на правото.

III. Утврдување на данокот на добивка во исплатени дивиденди и други распределби од добивката

Член 5

Основа за пресметување на данокот е износот на исплатената дивиденда и другите распределби од добивката извршени во тековната година. Пресметката на данокот се врши на образецот "ДД-ИД" – "Пресметка на данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката", кој е составен дел на овој правилник.

Износот од добивката за тековната година којшто се распределува за исплата во вид на дивиденда, се утврдува во износ којшто не ја надминува вкупно остварената добивка искажана со годишната сметка намалена за износот на даноците, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со резервите кои можат да се распредлуваат, односно кои го надминуваат износот на резервите утврдени со закон и со резервите определени со статутот, односно договорот на друштвото и доколку претходно се покриени загубите од претходните години, односно доколку истите од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка.

Износот на аванс на дивиденда се утврдува врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеца. Аванс на дивиденда може да се утврди само до износот на добивката којашто е остварена во периодот за којшто се исплаќа авансот на дивиденда. При тоа истиот не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со статутот, односно со договорот за друштвото, за периодот за којшто се пресметува авансот на дивидендата, и за износот на загубите од претходните години ако не се покриени, а тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

Под исплата на дивиденди и на други распределби од добивката се подразбираат дивидендите исплатени во пари, во удели односно во акции на друштвото.

Оданочувањето за дивидендите односно на авансите на дивидендите кои се исплаќаат во пари, се врши на денот на којшто дивидендата се исплаќа.

Оданочувањето на дивиденда која е ставена во распределба во удели односно акции, се врши на денот на запишувањето на зголемувањето во Централниот регистар на Република Македонија односно во Централниот депозитар на хартии од вредност.

За други исплати од добивката кон сопствениците на акции односно удели, се сметаат исплатите од ликвидационата маса на субјектите кои престануваат да постојат над вредноста на запишаниот капитал, како и износот на зголемената вредност на оснивачкиот влог над номиналниот кој се исплатува на содружниците кои истапуваат од друштвото, под услов да се врши намалување на основната главнина.

На оданочување подлежат и другите исплати од добивката утврдени со статутот, односно договорот на друштвото, како и исплатите од добивката за намените по основ на дополнителните издатоци за лични примања на содружниците, кои не се на товар на трошоците од работењето и не се пресметани во бруто платата врз основа на Одлука на друштвото, како и за сите други исплати од добивката согласно член 36-г од Законот.

Пресметаниот данок на исплатените дивиденди, се намалува за износот на данокот по задршка пресметан на дивидендите остварени од нерезидентни лица, согласно Договорите за одбегнување на двојното оданочување, според член 37 од Законот во висина на платениот данок, но не повеќе од данокот што би се добил со примена на пропишаната даночна стапка во Република Македонија. За таа цел даночниот обврзник кој остварува приходи во странство, доставува доказ за платениот данок од надлежниот даночен орган на странската држава.

На матичното правно лице - резидент на Република Македонија согласно член 37 став 1 од Законот, му се намалува пресметаниот данок во земјата, за износот на данокот што го платила неговата подружница во друга држава, доколку таа добивка е вклучена во приходите на матичното правно лице, до висината на данокот утврден според даночната стапка во Република Маке-

донија. Матичното правно лице на даночниот орган му поднесува докази за данокот што подружницата го платила во друга држава, заедно со нејзиниот биланс на успех и даночен биланс.

IV. Задржување на данок на приход платен на странски правни лица

Член 6

Домашните правни лица, домашните физички лица - регистрирани за вршење на дејност и странските правни лица или физички лица-нерезиденти со постојана деловна единица во Република Македонија (исплатувачи на приходот), при секоја исплата на приходот што го остварува странското правно лице по одредбите од членот 29-б од Законот, го задржуваат и го уплатуваат данокот на соодветната уплатна сметка.

Доколку странското правно лице на кое му припаѓа правото на наплата на приходите од членот 29-а на Законот, има своја постојана деловна единица во земјата, и доколку приходот се припишува кон неговата постојана деловна единица во земјата не се задржува данок.

Ако постојаната деловната единица на странското правно лице регистрирана во Република Македонија, му плаќа на основачот (матично странско правно лице) приходи од членот 29-б од Законот, на истите се плаќа данок по задршка. Данок по задршка се плаќа и во случаите кога плаќањето се врши на начин кој не преставува исплата на парични средства.

По исклучок од ставот 3 на овој член, данокот не се задржува на трансферот на делот од добивката на постојаната деловна единица на странско правно лице во Република Македонија, доколку претходно е платен данокот на добивка.

Пред секоја прва уплата на данокот по задршка, субјектите од став 1 на овој член од надлежната регионална дирекција на Управата за јавни приходи треба да побараат даночен идентификационен број за странското правно лице (остварувач на приходите). Даночниот идентификационен број на странското правно лице при плаќањето на данокот по задршка се внесува во налогот за плаќање на јавните приходи во полето "повикување на број-задолжување".

Член 7

Под приходи на странското правно лице за кои се врши задржување на данокот за целите на членот 29-б од Законот, се подразбираат приходите остварени од: дивиденди, камати, авторски хонорари, приходите од забавни или спортски активности кои се вршат во Република Македонија, приходите од вршење на менаџмент, консалтинг, финансиски услуги и услуги на истражување и развој, приходи од осигурителни премии за осигурување или реосигурување од ризици во Република Македонија, приходи од телекомуникациски услуги помеѓу Република Македонија и странската држава и приход од закуп на недвижности во Република Македонија.

Приход од дивиденди означува добивка од акции, или други права на учество во добивката кои не се побарувања на долгови, како и доходот од други корпоративни права кои по однос на одаочувањето имаат ист третман како и доходот од акциите според законите на државите чиј резидент е друштвото кое врши распределба.

Приход од камата означува доход од побарувања на секаков вид долг, независно од тоа дали е обезбеден со хипотека и дали врз основа на нив се стекнува право на учество во добивката на должникот, и особено доход од обврзници или други должнички хартии од вредност вклучувајќи ги и премиите и наградите на тие хартии од вредност, обврзниците или должничките хартии од вредност, како и секој друг доход поврзан со доходот од пари дадени на заем, (освен приходот од камата од точка 2) и 3) на став 2 од членот 29-б на Законот). Казнените камати платени за задоцнети плаќања не се сметаат за камати од овој став.

Приход од авторски хонорари (права) и други права на интелектуална сопственост, подразбира плаќање од било кој вид, примено како плаќање за употреба или право на користење на авторско право за: книжевно, уметничко или научно дело, вклучувајќи ги кинематографските филмови, софтвер, патенти, трговски марки и заштитни знаци, дизајни или модели, планови, тајни формули или постапка, или за информација во врска со индустриските, комерцијалните или научните искуства, кои права се заштитени со правните прописи и обичаи, со кои се регулира нивното стекнување и употреба.

Приход од забавни и спортски активности кои се вршат во Република Македонија, подразбира приходи остварени од организирање и одржување на јавни настапи кои ги вршат организирани групи и поединци исплатени на странски правни лица. Во приходите кои што припаѓаат кон претходно наведените, спаѓаат и надоместоците за: аудиовизуелни услуги, провизии поврзани со филмска и видео дејност, радио и телевизија, лиценци за дистрибуција на права и хонорари, оркестри и други културни и спортски дејности, котизации и членарини на културни и спортски организации, исплатени во корист на странското правно лице.

Приход од вршење менаџмент услуги подразбира приход остварен од организирање, планирање, координирање, контролирање и мотивирање, во остварувањето на целите на трговските друштва, односно во остварувањето на одредени економски резултати (профит).

Приход од консалтинг услуги подразбира приход остварен од вршење услуги на служби или организации што се занимаваат со давање на совети и интелектуални услуги во стопански финансиски и технички проекти односно упатства или работи на некој специјален предмет или проект за определен надомест. Под консалтинг услуги се подразбираат и: правни, даночни, сметководствени и ревизорски услуги, кои што странските правни лица ги вршат со надомест за домашните субјекти. Под консалтинг услуги на деловно советување, се смета секој облик на деловно советување или консултација. По исклучок, не се смета за услуга на деловно советување: одржувањето на предавања, семинари, работилници и слични методи на подучување, потоа услуги на инжињери, архитекти и слични услуги кои за резултат имаат пишани документи за постапување (идејни и изведбени проекти, нацрти, упатства и други документи за постапување). За услуги на деловно советување не се сметаат и услугите на посредување и застапување во некоја зделка, како и услугите на користењето на различните бази на податоци.

Приход од вршење на финансиски услуги се сметаат приходите на странското правно лице остварени од: 1) издадени гаранции и други видови на обезбедувања; 2) камати од финансискиот лизинг; 3) трговија за своја сметка или за сметка на клиентот, било на берза, преку шалтер или на друг пазар, со: инструменти на пазарот на пари (вклучувајќи чекови, сметки, потврди за депозити), девизи, деривативни инструменти кои вклучуваат но не се ограничени на фјучери и опции, инструментите на девизниот курс и каматните стапки, вклучувајки ги работите како што се swaps, термински спогодби за камати; преносливи хартии од вредност; други преносливи инструменти и финансиски средства вклучу-

вајќи ги и златните полуги; 4) учество во издавањето на сите видови хартии од вредност, вклучувајќи го и превземањето на ризикот и пласирањето, во својство на агенти, и давањето на услуги во врска со тоа издавање; 5) услуги во врска со пресметката и пребивањето на финансиските средства, вклучувајќи ги хартиите од вредност, деривативните производи и другите преносливи инструменти; 6) советодавни, посреднички и други помошни финансиски услуги во врска со сите видови на финансиски услуги, вклучувајќи ги референците за кредитна способност и анализа, истражување и советување за инвестиции и портфолија, совети за превземање и преструктуирање и стратегии на претпријатијата; 7) посредување во осигурувањето и реосигурувањето (активности на брокери, осигурителни и брокерски друштва и агенти), консултантските услуги, актуарските услуги и услугите во проценувањето на ризик.

Приход од вршење услуги на истражување и развој е приходот остварен од базни и технички истражувања, лабараториски и други услуги, проекти и елаборати (освен оние кои се однесуваат за инвестиции чија реализација е во тек), услуги на пропаганда, истражување на пазарот, огласување во медиуми, саемски приредби, промоција на производи во странство, анкетирање на јавното мислење. Под услуги на истражувањето на пазарот од овој член, се подразбираат: начин на прибавување на пазарни информации, одредување на карактеристиките на пазарите, мерење на потенцијалот на пазарот, анализа на учеството на пазарот, анализа на продажбата, истражување на трендовите во работењето, краткорочни и долгорочни предвидувања, испитување на понудите на конкуренцијата, истражување на цените, тестирање на нови и на постојни производи на пазарот.

Приход од осигурителни премии од осигурување или реосигурување од ризици во Република Македонија се сметаат приходите на странското правно лице остварени од: 1) премија по основ на осигурување на живот; 2) премија по основ на неживотно осигурување и 3) премија по основ на реосигурување, освен премија по основ на реосигурување што друштвата за осигурување и реосигурување на Република Македонија, се должни да го извршат во согласност со закон.

Приходи од телекомуникациски услуги се приходите од услуги на: обезбедување на јавни фиксни телефонски услуги (локална телефонска комуникација; меѓумесна национална телефонска комуникација и меѓународна телефонска комуникација); обезбедување на јавни мобилни телефонски услуги; обезбедување на јавни услуги на говор преку мрежи со комутација на пакети (интернет протокол и други протоколи); обезбедување на услуги на изнајмени линии; обезбедување на јавни услуги за пренос на податоци; обезбедување на јавни радиокомуникациски услуги и обезбедување на други услуги (обезбедување на јавни услуги на говор преку мрежи со комутација на пакети помеѓу различни оператори и обезбедување на пристап до јавната телефонска мрежа).

Под приход од закуп на недвижности во Република Македонија се подразбираат приходите кои што ги остваруваат нерезидентните правни лица од закуп на недвижен имот во Република Македонија. Под недвижен имот се подразбира земјиште (градежно, земјоделско, шумско) и градежен објект на кој странското правно лице е сопственик согласно закон.

Член 8

Исплатувачот на приходите при секоја исплата на приходите утврдени со одредбите од член 29-б на Законот, пресметува, задржува и уплатува данок во согласност со одредбите на законот, доколку странското правно лице има вистинско седиште во државите со кои Република Македонија не применува договор за одбегнување на двојното оданочување.

Исплатувачот на приходите на кои се утврдува данокот по задршка, според членот 29-б од Законот, на странските правни лица кои се резиденти на државите со кои Република Македонија применува договори за одбегнување на двојното оданочување, при исплатата пресметува, задржува и уплатува данок на начин определен со договорот и со Законот.

Барањето за даночно ослободување или примена на пониска даночна стапка во согласност со договорите за одбегнување на двојното оданочување се поднесува на следните обрасци, и тоа:

1. Образец "ЗД-О/ДИ" - Барање за олеснување односно ослободување од данок на дивиденда;

2. Образец "ЗД-О/КА" - Барање за олеснување односно ослободување од данок на камата;

3. Образец "ЗД-О/АП" - Барање за олеснување односно ослободување од данок на приходи од авторски права;

4. Образец "ЗД-О/ДП" - Барање за ослободување од данок на други приходи и

5. Образец "ЗД-ДО" - Барање за даночно ослободување.

Образецот од точка 5 став 3 на овој член, може да се примени и наместо обрасците од точките 1, 2, 3 и 4 од став 3 на овој член, доколку при исплатата на приходите од член 29-б на Законот, не се плаќа данок по задршка во согласност со одредбите на договорите за одбегнување на двојното оданочување и доколку заедно со барањето се достави потврда за резидентен статус заверена од надлежниот даночен орган во странство.

За примена на одредбите од договорот за одбегнување на двојното оданочување, образецот од став 3 точки 1, 2, 3 и 4 на овој член, треба да биде потврден (заверен) од надлежниот даночен орган во странство. Завереният образец се поднесува пред секоја исплата. По исклучок доколку се работи за зачестени исплати (по ист основ), завереният образец од став 3 точки 1, 2, 3 и 4 на овој член, или барањето за даночно ослободување со потврда за резидентен статус од став 3 точка 5 на овој член, се поднесува пред почетокот на првата исплата.

Обрасците од ставот 3 на овој член се состојат од четири истоветни примероци и тоа: првиот примерок за подносителот на барањето; вториот примерок за надлежниот даночен орган во странство; третиот примерок за исплатувачот и четвртиот примерок за Управата за јавни приходи на Република Македонија. Соодветниот образец подносителот на барањето - нерезидент, го заверува во надлежниот даночен орган на државата чиј резидент е. Еден примерок од образецот е наменет за надлежниот даночен орган во странство, а останатите три заверени примероци со целосно пополнети податоци заедно со пропратната документација, подносителот на барањето ги доставува до домашниот исплатувач. Домашниот исплатувач пред исплата на приходот, трите примероци од образецот ги доставува до надлежната Регионална дирекција за Управата за јавни приходи. Надлежната Регионална дирекција на Управата за јавни приходи ја спроведува потребната контрола, го заверува поднесеното барање, задржува еден примерок за свои потреби, а останатите два при-

мероци ги враќа на исплатувачот. Исплатувачот на приходот еден примерок задржува за свои потреби, а другиот примерок го доставува до подносителот на барањето. Во случаите од став 4 на овој член Управата за јавни приходи издава одобрение за даночно ослободување.

Доколку во времето на исплатата на приходот на странското правно лице, домашниот исплатувач располага со заверен примерок од образецот од став 3 точките 1, 2, 3 и 4 на овој член или одобрение за даночно ослободување според ставот 6 на овој член, ќе ги примени соодветните одредби од договорот за одбегнување на двојното оданочување.

Заради повраќ на повеќе платениот данок во однос на данокот кој што согласно одредбите од договорот за одбегнување на двојното оданочување требало да биде платен, странското правно лице може до надлежната Регионална дирекција на Управа за јавни приходи да достави заверен образец и тоа:

1. Образец "ЗД-В/ДИ " - Барање за враќање на данок на дивиденда;
2. Образец "ЗД-В/КА" - Барање за враќање на данок на камата;
3. Образец "ЗД-В/АП" - Барање за враќање на данок на приходи од авторски права; и
4. Образец "ЗД-В/ДП" - Барање за враќање на данок на други приходи.

Повратот на данокот по задршка се врши во домашна валута во висина на задржаниот данок. Износот на повеќе платениот данок се враќа на сметката назначена во барањето.

Водењето на евиденциите и постапувањето по Барањата во случаите од став 8 на овој член, го вршат надлежните Регионални дирекции на Управата за јавни приходи.

Домашниот исплатувач од ставовите 1 и 2 на овој член на Управата за јавни приходи-Регионална дирекција кон која припаѓа и доставува Извештај за уплатениот данок по задршка за сите исплатени приходи со податоците за називот на странското правно лице, датумот и износот на исплатата и на уплатениот данок, како и за износот и за применетата стапка на данокот по задршка, во рокот утврден во членот 29-д од Законот.

Обрасците од ставовите 3 и 8 како и Извештајот од ставот 11 на овој член се составен дел на овој правилник.

V. Даночни олеснувања и ослободувања

Член 9

Данокот на добивка утврден во даночниот биланс за оданочување на непризнаени расходи - образец ДБ составен за тековната година, како и данокот на добивка утврден во образецот ДД-ИД – пресметка на данок на исплатена дивиденда и други распределби од добивката, согласно член 32-а од Законот, се намалува во висина на износот утврден со Решение од Управата за јавни приходи, кое се издава по предходно поднесено писмено барање од корисникот на технолошко индустриската развојна зона согласно со Законот за технолошки индустриски развојни зони. Барањето, заедно со доказите, се поднесува до Управата за јавни приходи преку Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони.

VI. Утврдување и наплата на данокот на добивка

Член 10

Месечниот износ на аконтацијата на данокот на добивка на непризнаени расходи за периодот февруари-декември во тековната година и за месец јануари наредната година даночниот обврзник го утврдува според износот на пресметаниот данок, намален за износот на даночните ослободувања и олеснувања искажани во даночниот биланс составен за претходната година, поделен со 12 месеци и зголемен за процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Република Македонија од претходниот период од годината, односно до 31 јануари наредната година, во однос на просечните цени на мало во претходната година.

Даночните обврзници кои што во изминатата година работеле помалку од 12 месеци, износот од став 1 на овој член, ќе го поделат со бројот на месеците на работење.

Обврзникот кој што во претходната година не искажал пресметан данок на добивка, нема обврска да пресметува и плаќа аконтации на данокот на добивка.

Член 11

Даночните обврзници коишто се формираат со издвојување од други обврзници или се образуваат како нови даночни обврзници во рамките на постојниот даночен обврзник, ги утврдуваат месечните аконтации на данокот на добивка во годината во која се издвоени врз основа на годишната пресметка на даночниот обврзник од кои се издвоени, на тој начин што утврдената основица на данокот на добивка се дели на даночните обврзници до изготвувањето на првата годишна сметка.

Член 12

Трговските друштва кои ги исполниле условите од член 38-г од Законот и кои се определиле да плаќаат годишен данок на вкупен приход, утврдувањето на годишниот данок на вкупен приход го вршат на образец "ДБ-ВП", кој е составен дел на овој правилник.

Пресметаниот данок на вкупен приход, е на товар на бруто добивката пред оданочување.

На трговските друштва кои ќе се регистрираат за плаќање на годишен данок на вкупен приход, платените аконтации на данокот на добивка се признаваат како одбитна ставка од утврдениот износ на годишен данок на вкупен приход.

VII.Преодни и завршни одредби

Член 13

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/01, 51/02, 54/03, 56/03, 101/06, 58/07, 21/08, 24/09 и 150/09) и Правилникот за образецот пресметка на данок на исплатена дивиденда и друга распределба од добивката („Службен весник на Република Македонија" бр. 150/09).

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот денот од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 20-40355/1
9 декември 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАНОЧЕН БИЛАНС
за оданочување на непризнаени расходи

ДБ

* Пополнува Управа за јавни приходи

Посебен даночен статус: ☐ Заштитни друштва ☐ ТИРЗ ☐ Казнено поправни домови

Единствен даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Датум и број на прием

Даночен период

од . . .

до . . .

Рок за поднесување . . .

Исправка на "ДБ"

УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА НА НЕПРИЗНАЕНИ РАСХОДИ

"без дени"

А.	**Усогласување на непризнаени расходи за даночни цели од тековната година (Σ од АОП 02 до АОП 26)**	01	
1.	Расходи кои не се поврзани со вршење на дејност на субјектот	02	
2.	Исплатени надоместоци на трошоци и други лични примања од работен однос над утврдениот износ	03	
3.	Исплатени надоместоци на трошоци на вработените што не се утврдени со член 11 став 1 точка 2 од ЗДД	04	
4.	Трошоци за организирана исхрана и превоз исплатени над износите утврдени со закон	05	
5.	Трошоци по основ на месечни надоместоци на членови на органи на управување над висината утврдена со закон	06	
6.	Трошоци по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд над висината утврдена со закон	07	
7.	Надоместоци за лица волонтери и за лица ангажирани за вршење на јавни работи исплатени над износите утврдени со закон	08	
8.	Скриени исплати на добивки	09	
9.	Трошоци за репрезентација	10	
10.	Трошоци за донации во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, над 5% од вкупниот приход остварен во годината	11	
11.	Трошоци за спонзорства во согласност со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности над 3% од вкупниот приход остварен во годината	12	
12.	Трошоци по основ на камати по кредити кои не се користат за вршење на дејноста на обврзникот	13	
13.	Осигурителни премии кои ги плаќа работодавачот во корист на членови на органи на управување и на вработени	14	
14.	Даноци по задршка (одбивка) исплатени во име на трети лица кои се на товар на трошоците на даночниот обврзник	15	
15.	Парични и даночни казни, пенали и казнени камати за ненавремена уплата на јавни давачки и на трошоци за присилна наплата	16	
16.	Исплати на стипендии	17	
17.	Трошоци на кало, растур, крш и расипување	18	
18.	Траен отпис на ненаплатени побарувања	19	
19.	Пропорционален износ на амортизацијата на средства за кои е искористено даночно ослободување по основ на реинвестирана добивка во ДБ за 2007 и 2008 година	20	
20.	Трошоци за исправка на вредноста на ненаплатени побарувања	21	
21.	Разлика помеѓу трансферна и пазарна цена остварена меѓу поврзани лица	22	
22.	Износ на делот од камати по заеми кои се добиени од поврзано лице кое не е банка или друга овластена кредитна институција	23	
23.	Износ на затезни камати помеѓу поврзани лица	24	
24.	Износ на камати на заеми добиени од содружници или акционери – нерезиденти со најмалку 25% учество во капиталот на друштвото	25	
25.	Други усогласувања на расходи согласно со ЗДД кои посебно не се наведени во претходните редни броеви	26	

Б.	**Даночен кредит за расходи со одложено признавање**		
26.	Износ на даночен кредит за расходи со одложено признавање за кои претходно е платен данок на добивка	27	
В.	**Даночна основа (АОП 01– АОП 27 ≥ 0)**	28	
27.	Пренесени даночни загуби од минати години	29	
Г.	**Даночна основа намалена за пренесените даночни загуби од минати години (АОП 28 – АОП 29 ≥ 0)**	30	
Д.	**Пресметан данок на добивка (АОП 30 х пропишана стапка)**	31	
Ѓ.	**Даночни олеснувања и ослободувања**		
28.	Намалување на данокот за вредноста на набавени и ставени во употреба до 10 фискални системи	32	
Е.	**Избегнување на двојно оданочување**		
29.	Износ на задржан данок платен во странство до пропишаната стапка, освен данокот во примените дивиденди од нерезиденти	33	
Ж.	**Данок за плаќање/враќање**		
30.	Данок на добивка по намалување (АОП 31 – АОП 32 – АОП 33 ≥ 0)	34	
(711220) приход од камата од нерезидент кој има постојана деловна единица во Република Македонија, ако каматата е на трошок на постојаната деловна единица.

(711221) приход од авторски хонорар исплатен од резидент.

(711222) приход од авторски хонорар исплатен од нерезидент со постојана деловна единица во република Македонија, ако авторскиот хонорар е на трошок на постојаната деловна единица

(711223) приход од забавни или спортски активности кои се вршат во Република Македонија.

(711224) приход од вршење на менаџмент, консалтинг, финансиски, технички, административни, услуги на истражување и развој и други услуги, ако приходот е исплатен од резидент или ако приходот е на трошок на постојаната деловна единица на Република Македонија.

(711225) приход остварен од наем на подвижни и недвижни добра во Република Македонија.

(711227) приход од осигурителни премии за осигурување или реосигурување од ризици во Република Македонија.

(711228) приход од телекомуникациски услуги помеѓу Република Македонија и странска држава.

**Оваа приходна шифра, задолжително се внесува во образецот ПП50, за плаќање на данокот по задршка.*

Износ на приходот на кој се применува задршката - Се внесува денарската противвредност по средниот девизен курс на Народна Банка, утврден на денот на извршувањето на плаќањето на обврската спрема странското правно лице.

Процент на ЗДД - Се внесува нумерички податок за процентот (%) по кој се утврдува износот за задржаниот данок, според одредбите од членот 29-в став 1 од ЗДД.

Износ на данок кој што треба да се задржи - Се внесува пресметаниот износ кој што се добива со примена на процентот врз износот од поле 7 (износ од поле 7 х _ __% од поле 8).

Дата на пристигнување на обврската - За дата на пристигнување на обврската се смета датата на извршеното плаќање на оданочивиот приход на странското правно лице.

Доколку исплатата се врши во делови, за дата на доспевање се смета датата на извршените плаќања на соодветните делови.

Процент од Договорот - Се внесува нумерички податок за процентот (%) по кој се утврдува износот на задржаниот данок, според Договорот за одбегнување на двојното оданочување.

Износ на данокот кој е задржан и уплатен - Се наведува износот на данокот кој што е задржан и уплатен

- Во случај кога странското правно лице е резидент на држава со која РМ нема склучено Договор за одбегнување на двојното оданочување, износот на поле 12 се пресметува кога износот на поле 7 ќе се помножи со процентот од поле 8, односно износот на поле 12 и поле 9 треба да биде ист.
- Во случај кога во Договорот за одбегнување на двојно оданочување стапката на задржан данок за видот на приходот (поле 11) е поголема од стапката утврдена во ЗДД (поле 8), износот на поле 12 се пресметува кога износот на поле 7 ќе се помножи со процентот од поле 8, односно износот на поле 12 треба да биде ист со поле 9.
- Во случај кога во Договорот за одбегнување на двојно оданочување стапката на задржан данок за видот на приходот (поле 11) е помала од стапката утврдена во ЗДД (поле 8), износот на поле 12 се пресметува кога износот на поле 7 ќе се помножи со процентот утврден во Договорот (поле 11).

Дата на уплата на данокот - Се внесува дата на уплатата на данокот.

Податоци за подносителот на извештајот

Задолжително наведете го името, презимето и својството на потписникот, како и датумот на поднесување на извештајот. Не заборавајте своерачно да го потпишете извештајот и да ставите печат.

Податоци за извршени исплати

1. ЕДБ		4. Правна форма	
2. Полн назив на странското правно лице			
3. Адресни податоци за местото на вистинско седиште			
5. Држава во која лицето е резидент			
6. Вид на приход	7. Износ на приходот на кој се применува задршката		8. % од ЗДД
9. Износ на данок кој треба да се задржи	10. Датум на пристигнување на обврската		11. % од договор
12. Износ на данокот кој е задржан и уплатен	13. Датум на уплата на данок		

1. ЕДБ		4. Правна форма	
2. Полн назив на странското правно лице			
3. Адресни податоци за местото на вистинско седиште			
5. Држава во која лицето е резидент			
6. Вид на приход	7. Износ на приходот на кој се применува задршката		8. % од ЗДД
9. Износ на данок кој треба да се задржи	10. Датум на пристигнување на обврската		11. % од договор
12. Износ на данокот кој е задржан и уплатен	13. Датум на уплата на данок		

1. ЕДБ		4. Правна форма	
2. Полн назив на странското правно лице			
3. Адресни податоци за местото на вистинско седиште			
5. Држава во која лицето е резидент			
6. Вид на приход	7. Износ на приходот на кој се применува задршката		8. % од ЗДД
9. Износ на данок кој треба да се задржи	10. Датум на пристигнување на обврската		11. % од договор
12. Износ на данокот кој е задржан и уплатен	13. Датум на уплата на данок		

1. ЕДБ		4. Правна форма	
2. Полн назив на странското правно лице			
3. Адресни податоци за местото на вистинско седиште			
5. Држава во која лицето е резидент			
6. Вид на приход	7. Износ на приходот на кој се применува задршката		8. % од ЗДД
9. Износ на данок кој треба да се задржи	10. Датум на пристигнување на обврската		11. % од договор
12. Износ на данокот кој е задржан и уплатен	13. Датум на уплата на данок		

1. ЕДБ		4. Правна форма	
2. Полн назив на странското правно лице			
3. Адресни податоци за местото на вистинско седиште			
5. Држава во која лицето е резидент			
6. Вид на приход	7. Износ на приходот на кој се применува задршката		8. % од ЗДД
9. Износ на данок кој треба да се задржи	10. Датум на пристигнување на обврската		11. % од договор
12. Износ на данокот кој е задржан и уплатен	13. Датум на уплата на данок		

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

3814.

Врз основа на член 19 од Законот за техничка инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/08, 119/10, 36/11 и 136/11), министерот за економија, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОПРЕМА И ЗАШТИТНИ СИСТЕМИ КОИ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА УПОТРЕБА ВО ПОТЕНЦИЈАЛНО ЕКСПЛОЗИВНИ АТМОСФЕРИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува техничката опрема која е предмет на технички преглед и периодични испитувања, активностите и временскиот распоред на технички преглед и периодични испитувања, начинот и постапката на вршење на технички преглед и периодични испитувања, поблиските услови кои треба да ги исполнат независните правни лица, начинот и постапката за ставање во употреба на техничката опрема и видот на документи кои ја следат техничката опрема при ставање во употреба и при користење.

Член 2

Одделните изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

1) „Опрема наменета за употреба во експлозивни атмосфери“ се машини, апарати, неподвижни или подвижни уреди, компоненти за управување и нивните инструменти, системите за откривање или спречување, кои посебно или заедно, се наменети за производство, пренос, складирање, мерење, управување и за претворање на енергијата при обработка на материјали, што можат да предизвикаат експлозија преку сопствените потенцијални извори на запалување;

2) „Заштитни системи наменети за употреба во експлозивни атмосфери“ се проектирани единки , кои се наменети за моментално запирање на настанатата експлозија и/или да го ограничат опсегот на експлозивниот пламен и експлозивниот притисок. Заштитните системи можат да бидат вградени во опремата или одделно пуштени на пазарот за да се користат како самостојни системи;

3) „Компоненти наменети за употреба во експлозивни атмосфери“ се сите делови кои се неопходни за безбедно функционирање на опремата и заштитните системи, но немаат самостојна функција;

4) „Експлозивни атмосфери“ се смеша од воздух при атмосферски услови и запаливи супстанци во облик на гас, испарувања, измаглици или прашина во која при запалување, согорувањето ќе се рашири на целокупната незапалена смеса;

5) „Потенцијално експлозивна атмосфера“ е атмосфера која може да стане експлозивна при локални и оперативни услови;

6) „Групи и категории на опрема“ се:

а) опрема од група – I е опрема наменета за употреба во подземните делови на рудниците, како и во деловите на површинските инсталации на тие рудници што можат да бидат изложени на опасност од земјен гас и/или запалива прашина.

б) опрема од група - II е опрема наменета за употреба на други места, што може да биде изложена на опасност од експлозивни атмосфери; и

ц) категории на опрема, ги дефинираат потребните нивоа на заштита, соодветно означени за одредена експлоивна атмосфера.

7) „Наменска употреба“ е употреба на опремата, заштитните системи и уредите, а е во согласност со групата и категоријата на опремата и со целосна информација што е потребна за безбедно функционирање на опремата, заштитните системи и уредите доставени од производителот или неговиот овластен застапник;

8) „Означување“ е соодветно означена опрема и заштитни системи проектирани за посебна експлоивна атмосфера;

9) „Технички преглед на опрема и заштитни системи наменети за употреба во експлозивни атмосфери“ е активност која опфаќа проверка на проектот, проверка на документацијата, проверка на сите испитувања потребни за докажување на безбедноста на техничката опрема како и директна специфична визуелна контрола;

10) „Периодично испитување на опрема и заштитни системи наменети за употреба во експлозивни атмосфери“ е испитување потребно за докажување на безбедноста на техничката опрема согласно стандардите и техничките спецификации според кои истата е произведена;

11) „Корисник на опрема и заштитни системи наменети за употреба во експлозивни атмосфери“ (во понатамошниот текст:корисник) е физичко или правно лице со седиште во Република Македонија кое е сопственик на опрема и заштитни системи наменети за употреба во експлозивни атмосфери или зема под наем опрема и заштитни системи наменети за употреба во експлозивни атмосфери или се јавува како работодавач со опрема и заштитни системи наменети за употреба во експлозивни атмосфери;

Член 3

Одредбите од овој правилник се применуваат на:

1) енергетски и инструментациски електрични уреди наменети за употреба во експлозивни атмосфери;

2) неелектрични уреди и опрема наменети за употреба во експлозивни атмосфери;

3) електрични инсталации на енергетика и инструментација наменети за употреба во експлозивни атмосфери;

4) неелектрични инсталации наменети за употреба во експлозивни атмосфери;

Одредбите на овој правилник се применуваат и на употребата на безбедносните уреди, уредите за управување на контролните уреди, наменети за користење надвор од потенцијално експлозивната атмосфера, или се употребуваат за безбедна работа на опремата и заштитните системи кои претставуваат ризик за експлозија.

Член 4

Техничката опрема во секој момент од нејзината употреба треба да ги задоволува безбедносните барања дефинирани во стандардите и техничките спецификации или во националните стандарди за безбедносни барања.

Опремата и заштитните системи наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери се става во употреба само по извршен прв технички преглед од независно правно лице во поглед на нивната монтажа, условите за употреба, функционирањето на уредите за управување и контролните уреди, заштитните системи и добиениот позитивен извештај.

Член 5

Техничката опрема во противексплозивна заштита од член 3 на овој правилник се дели на подрачја на примена, кои се означени со:

I – за рударство; и

II – за останати места на употреба.

Уредите за подрачје на примена II се произведуваат за:

а) класа на гасови и пареи А, Б и Ц;

б) запаливи прашини и влакненца – органски, јаглени и метални; и

ц) температурни класи Т1, Т2, Т3, Т4, Т5 и Т6.

II. АКТИВНОСТИ И ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД НА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И ПЕРИОДИЧНИ ИСПИТУВАЊА

Член 6

Корисникот на техничката опрема се грижи за изведувањето на техничкиот преглед и периодичните испитувања кои ги изведува независно правно лице по негов избор.

Член 7

Корисникот на техничката опрема го спроведува целокупниот преглед и сите испитувања на безбедноста на начин утврден од производителот на истата кои се во согласност со хармонизираните технички прописи, стандардите и техничките спецификации според кои истата е произведена. Документацијата за спроведените прегледи и испитувања треба да биде достапна на Државниот инспекторат за техничка инспекција.

Член 8

Техничките прегледи и периодичните испитувања во зависност од периодите на извршување и обемот на активностите се следните:

- технички преглед пред ставање во употреба;
- редовно периодично испитување; и
- вонредно периодично испитување.

Член 9

Пред ставање во употреба на техничката опрема и заштитните системи наменети за употреба во потенцијално експлозивна атмосфера се изведува прв технички преглед.

Член 10

Редовните периодични испитувања на техничката опрема и заштитните системи наменети за употреба во потенцијално експлозивна атмосфера се вршат според распоред кој се утврдува помеѓу корисникот на истите и избраното независно правно лице.

Распоредот се прави според предвидените рокови за периодични испитувања за различните категории на техничката опрема.

Распоредот на периодичните испитувања треба да се изготви во рок од 6 месеци после ставањето во употреба на техничката опрема и се доставува на увид и ревизија на Државниот инспекторат за техничка инспекција.

Во случаи кога поради специфичноста и карактерот на опремата со распоредот за периодични испитувања даден од производителот се предвидени пократки рокови за периодични испитувања или се предвидени дополнителни периодични испитувања, истите се изведуваат според распоредот даден од производителот на опремата.

Член 11

Вонреден технички преглед се врши пред ставање во употреба на техничката опрема на која се отстранети недостатоците утврдени со првиот или периодичниот технички преглед или се заменети некои од значајните делови на опремата.

При вонреден технички преглед, независното правно лице врз основа на документацијата, добиените информации и увидот на лице место, одлучува во кој обем ќе се изврши техничкиот преглед.

III. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ ПРЕГЛЕДИ И ПЕРИОДИЧНИТЕ ИСПИТУВАЊА И СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА

Член 12

Техничкиот преглед и испитувањата пред ставање во употреба извршен од независно правно лице се состои од:

- проверка на проектната и другата документација во однос на барањата за безбедност при употребата на опремата и заштитните системи кои се наменети за употреба во експлозивни атмосфери;
- преглед на исполнувањето на одредбите за монтажа, погонување, употреба и управување на опремата и заштитните системи кои се наменети за употреба во експлозивни атмосфери заедно со соодветните функционални и работни испитувања предвидени од производителот, односно проектантот; и
- усогласеност на уредите за заштита со одредбите во проектната документација и техничката документација за ракување со опремата издадена од производителот.

Доколку првиот технички преглед и испитување на опремата и заштитните системи кои се наменети за употреба во експлозивни атмосфери покажат недостатоци, истите независното правно лице треба да ги пријавува кај корисникот и определува рок во кој корисникот треба да ги отстрани.

Член 13

Корисникот на техничката опрема и заштитните системи кои се наменети за употреба во експлозивни атмосфери, треба:

- за нова опрема, кога опремата ќе почне да се монтира, да ги достави сите релевантни податоци до Државниот инспекторат за техничка инспекција за техничката опрема што е наменета за употреба во експлозивни атмосфери, како и за сите значителни промени направени по ставањето во употреба;
- за постоечка опрема, веднаш да ги достави сите релевантни податоци до Државниот инспекторат за техничка инспекција за техничката опрема што е наменета за употреба во експлозивни атмосфери, како и за сите значителни промени направени по ставањето во употреба;
- да му овозможи на независното правно лице непречен пристап до техничката опрема, и до документацијата за истата;
- да го спроведе техничкиот преглед пред ставање во употреба преку независно правно лице;
- да ги спроведува периодичните испитувања преку независно правно лице;
- да ги усогласува роковите за периодично испитување со независното правно лице и истите да ги доставува на увид и ревизија кај Државниот инспекторат за техничка инспекција;
- да спроведува вонредно испитување преку независно правно лице, во случај на потреба; и
- во случај на откажување, испад или хаварија да го извести Државниот инспекторат за техничка инспекција.

IV. ПОБЛИСКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ НЕЗАВИСНИТЕ ПРАВНИ ЛИЦА

Член 14

Независното правно лице за вршење на технички преглед и периодични испитувања на опрема и заштитните системи наменети за употреба во потенцијално експлозивна атмосфера треба да има на располагање потребен стручен кадар за да може правилно да ги врши техничките и административните задачи поврзани со активностите на техничкиот преглед и периодичните испитувања.

Независното правно лице треба да има постојано вработени најмалку пет стручни лица кои се вклучени во техничкиот преглед и периодичните испитувања, и тоа:

- двајца дипломирани инженери по електротехника, со најмалку пет години континуирано искуство на работи поврзани со испитување на техничката опрема од член 3 на овој правилник, технички прегледи и периодични испитувања;
- еден дипломиран инженер по машинство, со најмалку пет години континуирано искуство на работи поврзани со оцена на сообразноста на техничката опрема од член 3 на овој правилник; и
- двајца извршители со најмалку средно образование од машинска или електро насока, со најмалку три години континуирано искуство на работи поврзани со испитување на техничката опрема од член 3 на овој правилник, технички прегледи и периодични испитувања.

Член 15

Стручниот кадар кој врши технички преглед и периодични иситувања треба да има:

- техничка и професионална обука и квалификација;
- познавање на барањата за технички прегледи и периодични испитувања што ги извршуваат и соодветно искуство со такви активности; и
- способност за изготвување на сертификати, записници и извештаи со кои се докажува дека проверките биле извршени.

Член 16

Независното правно лице треба да поседува или да има пристап до работна опрема потребна за правилно вршење на техничките прегледи и периодичните испитувања.

V. ВИД НА ДОКУМЕНТИ КОИ ЈА СЛЕДАТ ТЕХНИЧКАТА ОПРЕМА ПРИ СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА И ПРИ КОРИСТЕЊЕ

Член 17

Секоја техничка опрема треба да биде придружена со следната документација:

- техничка документација согласно член 21 од овој правилник;
- упатство за употреба, упатства за одржување и сервисирање, упатство за периодични прегледи и упатство за спасувачки операции, кои ги издава производителот; и
- матична книга на техничката опрема согласно член 20 на овој правилник.

Член 18

Техничката документација треба да ги содржи сите податоци за техничката опрема, согласно националните стандарди.

Во случај на непостоење на национален стандард или ако содржината на техничката документација не е опфатена со применливиот национален стандард, техничката документација треба да содржи најмалку:

- податоци за производителот (назив, седиште и регистрација за вршење на соодветна дејност);
- листа на лица кои учествувале во изработката на проектот и техничката документација;
- категорија на опремата, тип и намена на опремата, работна температура, како и други технички параметри кои се утврдуваат со првиот технички преглед;
- листа на безбедносни барања кои ги задоволува техничката опрема;
- листа на применети стандарди, технички спецификации и технички прописи;
- опис на прифатени решенија за отстранување на опасности кои може да ги предизвика техничката опрема при нејзино користење;
- листа на сигурносни уреди и компоненти, уреди за заштита;
- склопен цртеж на опремата со шеми за управување;
- упатства за монтажа (доколку е потребно);
- потребни технички детали, цртежи и пресеци со сите потребни пресметки кои се потребни да се провери сообразноста на техничката опрема со суштествените здравствени и безбедносни барања;
- копија од сертификатите за сообразност на сигурносните уреди и уреди за заштита;
- копија од сертификатите на други уреди, каде е соодветно; и
- извештаи или сертификати од извршени испитувања и проверки на вградените компоненти, уреди и материјали.

Доколку техничката документација е изработена од лице различно од производителот, таа треба да содржи и:

- податоци за проектантот (назив, седиште и регистрација за вршење на соодветната дејност); и
- листа на лицата кои учествувале во изработката на проектот и техничката документација со докази за завршено соодветно високо образование.

Техничката документација треба да биде заверена и потпишана од овластен претставник на производителот или проектантот на техничката опрема.

Член 19

Во случај на постоечка техничка опрема, кога не постои техничка документација или кога не постојат упатства за употреба, одржување, прегледи и упатства за спасувачки операции, сопственикот треба да ги побара од производителот или да побара дополнително изготвување на техничка документација одобрена од независно правно лице за вршење на технички прегледи.

Дополнително изработената техничка документација од став 1 на овој член може да ја изготви и сопственикот, доколку истиот е правно лице и има вработено стручни лица со соодветно високо образование, а за нејзино користење треба да добие одобрување од независно правно лице за вршење на технички прегледи.

Дополнително изработената техничка документација може да не ги содржи сите податоци, доколку не е можно да се обезбедат (на пр. сертификати за сообразност, податоци за вградени компоненти и уреди и слично).

Член 20

Матичната книга на техничката опрема треба да содржи:

- технички податоци;
- податоци за сите главни елементи на техничката опрема и за сите сигурносни уреди и уреди за заштита (производител, тип, технички карактеристики, година на производство, број и тип на сертификат и слично);
- податоци за производител, трговец и монтажер;
- податоци за значајни промени, настанати несреќи, хаварии, задолжително одржување и периодични прегледи;
- податоци за сопственикот и одговорното лице; и
- податоци за сервисерот.

Член 21

Независното правно лице треба да ги обединува резултатите од испитувањата со техничкиот преглед со кој се утврдува состојбата на опремата во однос на барањата за нејзина безбедност дефинирани во стандардите и техничките спецификации според кои истата е произведена.

По извршените испитувања и спроведувањето на техничкиот преглед, независното правно лице треба да издаде извештај до корисникот во кој се наведува дали се запазени основните безбедносни барања за опремата која била предмет на испитувањата, дадени во стандардите и техничките спецификации според кои истата е произведена.

Извештаите од испитувањата треба да ги чува корисникот и да ги предаде на Државниот инспекторат за техничка инспекција, како и на новото независно правно лице во случај на промена.

Извештаите од техничкиот преглед и периодичните испитувања кои ги составува независното правно лице се во форма предвидена со националните стандарди кои се хармонизирани со европските стандарди.

Член 22

Во случај на констатирани отстапувања од одредбите за безбедноста на техничката опрема од член 3 на овој правилник или ако се утврдени ризици за нивно безбедно функционирање, независното правно лице треба да состави листа на мерки за отстранување на отстапувањата.

Листата на мерки од став 1 на овој член се составува за секој случај на констатирани отстапувања.

Член 23

Независното правно лице треба да води евиденција согласно Законот за техничката инспекција за техничката опрема од член 3 на овој правилник само за техничката опрема која има евиденциски број издаден од Државниот инспекторат за техничка инспекција.

Евиденцијата од став 1 на овој член се води на евиденциски листови.

Евиденцискиот лист за техничката опрема од член 3 од овој правилник најмалку треба да ги содржи следните податоци:

- изведени технички прегледи и периодични испитувања со нивните датуми;
- податоци за евидентираните промени или реконструкција на техничката опрема;
- податоци за технички прегледи и периодични испитувања во случај на повторно ставање во употреба;
- распоред на периодичните испитувања; и
- податоци за сите видови на интервенции на техничката опрема кои влијаат на нивната безбедност.

Евиденцискиот лист за техничката опрема треба да биде редовно ажуриран до моментот на излегување од употреба на истата.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Доколку за постоечката техничка опрема не се поседува документацијата наведена во член 19 на овој правилник, корисникот истата треба да ја обезбеди во рок од 36 месеци од денот на влегување во сила на овој правилник.

Член 25

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 25-6779/6
9 декември 2011 година
Скопје

Министер,
Ваљон Сараќини, с.р.

3815.

Врз основа на член 23-а став 3 од Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06, 86/08, 47/11 и 136/11) министерот за економија, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ТЕЛО ЗА АТЕСТИРАЊЕ НА СООБРАЗНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за именување на тело за атестирање на сообразност, во рокот утврден во член 23–а став (1) од Законот за градежните производи.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради недонесување на решение за именување на тело за атестирање на сообразност”, во формат А4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за број и датум, во средишниот дел назив на барањето, општи податоци за барателот - назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лице – подносител на барањето, седиште на правното лице односно адреса на физичкото лице – подносител на барањето, својство на барателот (сопственик,управител,овластен полномошник), краток опис поради што се поднесува барањето, приложени документи кон барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 07-8306/3
ноември 2011 година
Скопје

Министер,
Ваљон Сараќини, с.р.

ПРИЛОГ

ДО : МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

СКОПЈЕ

Број: _____
Датум:_____

БАРАЊЕ
заради недонесување на решение за именување на тело за атестирање на сообразност

1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ :

1. Кој го поднесува барањето (назив на правно лице/име и презиме на физичко лице):

_____

2. Седиште на барателот (седиште на правно лице/адреса на физичко лице) :

- Улица _____ број _____ - телефон _____
- Општина _____ - телефакс _____
- Место _____ - Е-пошта (е-маил) _____

3. Својство на барателот (сопственик,управител,овластен полномошник)

_____

4. Причини за поднесување на барањето

_____

_____

_____

5. Приложени документи кон барањето:

_____

_____

_____

Напомена: Подносителот на барањето целокупната документација што како копија ја поднесува да ја завери со печат од фирмата и потпис на одговорното лице. Со барањето да се приложи уплатница за платена административна такса од 50 денари.

Скопје, Подносител на барањето

_____ година М.П _____

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

3816.

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за тутунот и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОСТОРИИТЕ ЗА ОТКУП, СМЕСТУВАЊЕ, ЧУВАЊЕ И ИНДУСТРИСКА ОБРАБОТКА НА ТУТУН, СООДВЕТНА ОПРЕМА ЗА ОТКУП И ИНДУСТРИСКА ОБРАБОТКА НА ТУТУН И СООДВЕТЕН ПРОСТОР ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ОБРАБОТЕНИОТ ТУТУН

Член 1

Во Правилникот за просториите за откуп, сместување, чување и индустриска обработка на тутун, соодветна опрема за откуп и индустриска обработка на тутун и соодветен простор за сместување на обработениот тутун („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/07) во член 2 во ставот 1 бројот „30“ се заменува со бројот „50“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 август 2012 година.

Бр. 08-10162/4
16 ноември 2011 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.

3817.

Врз основа на член 7 став 4, член 8 став 4, член 10 став 4, член 11 став 4 од Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства („Службен весник на Република Македонија“ бр.110/07 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ПРЕСМЕТКА НА СТАНДАРД АУТПУТОТ КАКО И НАЧИНОТ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ ОД МРЕЖАТА, МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТИПОЛОГИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА, КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА ПО ТИП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО И КЛАСИТЕ НА ЕКОНОМСКА ГОЛЕМИНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА, МАКСИМАЛНИОТ БРОЈ И МИНИМАЛНАТА ЕКОНОМСКА ГОЛЕМИНА НА СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ СТОПАНСТВА И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕДИНИСТВЕНИОТ ОБРАЗЕЦ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОХОДОТ И АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА

Член 1

Со овој правилник се пропишува:

- методологијата за пресметка, Стандард Аутпут коефициентите како и начинот за прибирање на податоците и информациите од мрежата;
- методологијата за утврдување на типологија на земјоделски стопанства, како и класификацијата на земјоделски стопанства по тип на земјоделско производство и класите на економска големина на земјоделските стопанства;
- максималниот број на сметководствени стопанства, како и минималната економска големина на сметководствените стопанства и
- формата и содржината на Единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства.

Член 2

Стандард Аутпутот кој претставува стандардна вредност на бруто производството.се определува на ниво на регион и за најзначајните видови на растително и сточарско производство кои се опфатени во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделски стопанства.

Методологијата за пресметување на Стандард Аутпутот за видовите на производство од став 1 на овој член се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Вкупниот Стандард Аутпут на земјоделското стопанство треба да одговара на збирот од вредностите добиени од секој вид на производство со множење на Стандард Аутпутите пресметани по единица со бројот на кореспондентните единици.

За пресметка на Стандард Аутпутот за мрежата на сметководствени податоци од земјоделските стопанства за годината n, “референтен период” значи годината n-3 што опфаќа пет последователни години од годината n-5 до годината n-1.

Стандард Аутпутите се определуваат со користење на просечни основни податоци кои се пресметани за референтен период за видовите на производство од став 1 на овој член.

Стандард Аутпутите од став 1 на овој член се ажурираат секогаш кога се вршат структурни истражувања на земјоделски стопанства за да се земат во предвид економските трендови.

Првиот референтен период за кој треба да се пресметаат Стандард Аутпутите кореспондира со референтниот период 2007 опфаќајќи ги календарските години 2005, 2006, 2007, 2008 и 2009 или производствените земјоделски години 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09 и 2009/10.

По исклучок од став 7 на овој член, Стандард Аутпутот се пресметува за референтниот период 2004, за видовите на производство од мрежата на сметководствени податоци од земјоделските стопанства за 2007 година и референтниот период ги опфаќа календарските години 2003, 2004, 2005 или производствените земјоделски години 2003/04, 2004/05, 2005/06.

Член 3

Типологијата на земјоделски стопанства се утврдува според земјоделското производство и економската големина, како и значењето на другите профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство.

Член 4

Типот на земјоделско производство на едно земјоделско стопанство се определува преку релативниот придонес на Стандард Аутпутот на различните видови на производство на даденото земјоделско стопанство во вкупниот Стандард Аутпут на земјоделското стопанство.

Во зависност од степенот на точност на типот на земјоделско производство, типовите на земјоделско производство од став 1 на овој член се поделени на:

- Основни типови на земјоделско производство;
- Главни типови на земјоделско производство;
- Посебни типови на земјоделско производство.

Класификацијата на земјоделските стопанства по тип на земјоделско производство е дадена во Прилог 1, табела А, кој е составен дел на овој правилник.

За потребите за класификација на земјоделските стопанства по тип на земјоделско производство се користат еквивалентни наслови кај структурните истражувања на земјоделските стопанства и единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделски стопанства за потребите на мрежата и кодови за прегрупирање за неколку видови на производство кои се вклучени во структурните истражувања на земјоделските стопанства.

Коресподенцијата помеѓу насловите за структурни истражувања на земјоделски стопанства и единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделски стопанства и кодовите за прегрупирање за неколку видови на производство кои се вклучени во структурните истражувања на земјоделските стопанства се дадени во Прилог 1 табела Б од овој правилник.

Дефиниција за типот на земјоделското производство од став 1 на овој член е дадена во Прилог 1, табела В од овој правилник.

Член 5

Економската големина на земјоделското стопанство се определува врз основа на вкупниот Стандард Аутпут на земјоделското стопанство.

Вкупниот Стандард Аутпут од став 1 на овој член се изразува во евра.

Начинот за пресметување на економската големина на земјоделското стопанство и класите на економската големина се наведени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Значењето на другите профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство, а не се земјоделски активности на стопанството се определува врз основа на процентот на другите профитабилни активности во финалниот аутпут на земјоделското стопанство.

Односот на другите профитабилни активности во финалниот аутпут на земјоделското стопанство се изразува како процентуален опсег.

Процентуалниот опсег од став 2 на овој член е даден во Прилог 3, дел В кој е составен дел на овој правилник.

Дефиницијата на другите профитабилни активности од став 1 на овој член и начинот за проценување на опсегот од став 2 на овој член се наведени во Прилог 3, делови А и Б на овој правилник.

Член 7

Сметководствените податоци кои се обезбедуваат преку мрежата и кои се неопходни за годишно определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на нивното деловно работење се претставени во Единствен образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловно работење на земјоделските стопанства.

Формата и содржината на образецот од став 1 на овој член се дадени во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.

Дефинициите и инструкциите кои се однесуваат на став 1 и 2 на овој член се дадени во Прилог 6 на овој правилник.

Член 8

Со анализата на деловното работење се опфаќаат земјоделските стопанства кои имаат економска големина која е еднаква, или поголема од прагот кој е изразен во евра и кој одговара со еден од најниските лимити на класите на економска големина на земјоделски стопанства од член 5 на овој правилник, утврдени според типологијата на земјоделските стопанства.

За потребите на мрежата за сметководствени податоци, сметководственото стопанство треба да има економска големина која е еднаква, или поголема од 2 000 евра.

Максималниот број на сметководствени стопанства за потребите на мрежата изнесува 1200 земјоделски стопанства.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-9734/3
20 ноември 2011 година
Скопје

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог 1.

Табела А. Класификација на земјоделските стопанства по тип на земјоделско производство

Специјализирани земјоделски стопанства – растително производство

Основен тип на земјоделско производство	Главен тип на земјоделско производство	Посебен тип на земјоделско производство
1. Специјализирано за поледелски култури	15.Специјализирано за житни култури, маслодајни култури и протеински култури	151. Специјализирано за житни култури (освен ориз), маслодајни култури и протеински култури 152. Специјализирано за ориз 153. Житни култури, маслодајни култури, протеински култури и ориз комбинирано
	16.Општо поледелство	161. Специјализирано за коренести култури 162. Житни култури, маслодајни култури, протеински култури и коренести култури, комбинирано 163. Специјализирано за зеленчук 164. Специјализирано за тутун 165. Специјализирано за памук 166. Разновидни култури комбинирано
2. Специјализирано за градинарство	21.Специјализирано за градинарство – под заштитен простор	211. Специјализирано за зеленчук под заштитен простор 212. Специјализирано за цвеќиња и декоративни растенија под заштитен простор 213. Специјализирано за комбинирано градинарство под заштитен простор
	22.Специјализирано за градинарство – на отворено	221. Специјализирано за зеленчук на отворено 222. Специјализирано за цвеќиња и декоративни растенија на отворено 223. Специјализирано за комбинирано градинарство на отворено
	23. Останато градинарство	231. Специјализирано за печурки 232. Специјализирано за расадници 233. Разновидно градинарство

3. Специјализирано за повеќегодишни култури	35.Специјализирано за лозови насади	351. Специјализирано за квалитетно вино 352. Специјализирано за вино освен квалитетно вино 353. Специјализирано за трпезно грозје 354. Останати лозови насади
	36.Специјализирано за овошје и цитрусно овошје	361.Специјализирано за овошје (освен за цитрусно овошје, тропско и субтропско овошје и јаткесто овошје) 362.Специјализирано за цитрусно овошје 363.Специјализирано за јаткесто овошје 364.Специјализирано за тропско и субтропско овошје 365.Специјализирано за овошје, цитрусно овошје, тропско и субтропско овошје, јаткесто овошје: мешано производство
	37.Специјализирано за маслинки	370.Специјализирано за маслинки
	38.Разновидни повеќегодишни култури комбинирано	380. Разновидни повеќегодишни култури комбинирано

Специјализирани земјоделски стопанства – сточарско производство

Основен тип на земјоделско производство	Главен тип на земјоделско производство	Посебен тип на земјоделско производство
4. Специјализирано за тревопасен добиток	45.Специјализирано за производство на млеко	450. Специјализирано за производство на млеко
	46.Специјализирано за говеда - приплод и тов	460. Специјализирано за говеда –приплод и тов
	47. Говеда-производство на млеко, приплод и тов комбинирано	470. Говеда– производство на млеко, приплод и тов, комбинирано
	48.Овци, кози и друг тревопасен добиток	481. Специјализирано за овци 482. Говеда и овци комбинирано 483. Специјализирано за кози 484. Разновиден тревопасен добиток
5. Специјализирано за гранивори	51.Специјализирано за свињи	511. Специјализирано за свињи за приплод 512. Специјализирано за свињи за тов 513. Свињи за приплод и свињи за тов комбинирано

	52.Специјализирано за живина	521. Специјализирано за кокошки несилки 522. Специјализирано за бројлери 523. Кокошки несилки и бројлери комбинирано
	53.Разновидни гранивори – комбинирано	530. Разновидни гранивори - комбинирано

Мешовити земјоделски стопанства

Основен тип на земјоделско производство	Главен тип на земјоделско производство	Посебен тип на земјоделско производство
6. Мешовито растително производство	61.Мешовито растително производство	611. Градинарство и повеќегодишни култури комбинирано 612. Поледелски култури и градинарство комбинирано 613. Поледелски култури и лозови насади комбинирано 614. Поледелски култури и повеќегодишни култури комбинирано 615. Мешовито растително производство, воглавно поледелски култури 616. Останато мешовито растително производство
7. Мешовито сточарско производство	73. Мешовит добиток – воглавно тревопасен добиток	731. Мешовит добиток, воглавно за производство на млеко 732. Мешовит добиток, воглавно тревопасен добиток кој не е за производство на млеко
	74.Мешовит добиток, воглавно гранивори	741. Мешовит добиток: гранивори и производство на млеко комбинирано 742. Мешовит добиток: гранивори и тревопасен добиток кој не е за производство на млеко
8. Мешовито – растително производство и добиток	83.Поледелски култури – тревопасен добиток комбинирани	831. Поледелски култури комбинирани со производство на млеко 832. Производство на млеко комбинирано со поледелски култури 833. Поледелски култури комбинирани со тревопасен добиток кој не е за производство на млеко 834. Тревопасен добиток кој не е за производство на млеко комбиниран со поледелски култури

	84.Разновидно растително производство и добиток - комбинирано	841. Поледелски култури и гранивори комбинирано 842. Повеќегодишни култури и тревопасен добиток, комбинирано 843. Пчеларство 844. Разновидни мешани растителни култури и добиток
9. Некласифициран и земјоделски стопанства	90. Некласифицирани земјодлски стопанства	900.Некласифицирани земјоделски стопанства

Табела Б. Коресподенција и кодови за прегрупирање

I.: Коресподенција помеѓу насловите за структурните истражувања на земјоделските стопанства и единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства за мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства

Еквивалентни наслови за примена на Стандард Аутпути		
Код кој треба да се користи за насловот	Структурни истражувања на земјоделските стопанства	Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства за мрежата
I. Култури		
D01	Пченица	120. Пченица и пиреј
D03	Рж	122. Рж (вклучувајќи ќуспе)
D04	Јачмен	123. Јачмен
D05	Овес	124. Овес 125. Микс од летни жита
D06	Пченка зрно	126. Пченка зрно
D07	Ориз	127. Ориз
D08	Други житни култури	128. Други житни култури
D09	Протеински култури	129. Протеински култури
D09E	Грашок и грав	360. Грашок, грав и слатка лупина 361. Леќа, сланутоk и граор 362. Други протеински култури
D10	Компир	130. Компир (вклучувајќи ран компир и семенски компир)
D11	Шеќерна репа	131. Шеќерна репа (без семе)

D12	Сточна репа	144. Сточни репи и растенија од fam.Brassicaceae
D23	Тутун	134. Тутун
D26	Маслодајна репа	331. Маслодајна репа
D27	Сончоглед	332. Сончоглед
D28	Соја	333. Соја
D34	Ароматични и лековити растенија	345. Лековити растенија ,зачини, ароматични вклучувајќи чај, кафе и цикорија
D35	Други индустриски култури	346. Шеќерна трска 348. Други индустриски култури
D14A	Свеж зеленчук на отворено: домати, пиперки, краставици, кромид, лук, морков, зелка, лубеници, дињи, јагоди и друг зеленчук	136. Свеж зеленчук, дињи и јагоди кои се одгледуваат на отворено
D14B	Свеж зеленчук, градински зеленчук: домати, пиперки, краставици, кромид, лук, морков, зелка, лубеници, дињи, јагоди и друг зеленчук	137. Свеж зеленчук, дињи, јагоди, градински зеленчук
D15	Свеж зеленчук под заштитен простор: домати, пиперки, краставици, кромид, лук, морков, зелка, лубеници, дињи, јагоди и друг зеленчук	138. Свеж зеленчук, дињи и јагоди под заштитен простор
D16	Цвеќиња и декоративни растенија,на отворено	140. Цвеќе и декоративни растенија кои се одгледуваат на отворено (не вклучувајќи расадници)
D17	Цвеќиња и декоративни растенија, под заштитен простор	141. Цвеќе и декоративни растенија одгледувани под заштитен простор
D18	Растенија собрани зелени	
D18A	Површина повремено покриена со трева	147. Површина повремено покриена со трева
D18B	Други растенија собрани зелени	
D18B1	Фуражна пченка	326. Фуражна пченка
D18B2	Легуминозни растенија (луцерка, детелина, фуражен грашок, граор)	327. Други силажни житарици
D18B3	Други растенија кои се собираат зелени, а не се спомнати	328. Други фуражни растенија

D19	Семе и саден материјал	142. Семиња од трева 143. Други семиња
D20	Останати обработливи култури	148. Други култури на обработливо земјиште кои не се вклучени во насловите 120 до 147 149. Земјоделска површина подготвена за садење но е изнајмена на други, вклучувајќи земјиште кое е дадено на вработени кои ќе ги користат плодовите од земјиштето
D21	Угари без субвенции	315 Угари без субвенции
D22	Угари за кои се добиваат субвенции, без економска употреба	316. Угари за кои се добиваат субвенции
F01	Ливади и пасишта	150. Ливади и перманентни пасишта
F02	Пасишта	151. Груби пасишта
F03	Постојани тревни површини кои не се користат повеќе за производни цели и се квалификувани за плаќање на субвенции	314. Постојани пасишта кои веќе не се користат за производствени потреби и цели и се прифатливи за плаќање на субвенции
G01	Овошје:јаболка, круши, сливи, вишни, цреши, праски, кајсии и друго овошје	152. Овошни и ситно зрнести овошја во овоштарници
G01D	Овошни видови	
G01D1	Овошје кое се одгледува во температурни климатски зони	349. Јаболчесто овошје 350. Коскесто овошје
G01D2	Овошје во суптропски климатски зони	353. Тропски и суптропски овошја
G01E	Видови на ситно овошје	352. Ситно зрнесто овошје
G01C	Јаткесто овошје	351. Јаткесто овошје
G02	Цитрусни плантажи	153. Овоштарници со цитрусни овошја
G03	Плантажи со маслинки	154. Одгледувачи на маслинки
G03A	Нормално производство на трпезни маслинки	281. Трпезни маслинки

G03B	Нормално производство на маслинки за производство на масло	282. Маслинки за производство на масло 283. Маслиново масло
G04	Лозја	155. Лозарство
G04A.	Лозја под различни сорти на грозје за вино	286. Лоза за квалитетно вино со PDO 292. Лоза за квалитетно вино со PGI 289. Квалитетна лоза со PD 294. Квалитетно вино со PGI
G04B	Лозја под различни сорти на грозје за вино	293. Грозје за други видови на вина 288. Секундарни производи од вино:шира, сок, ракија, оцет и други производи што се произведени на земјоделското стопанство
G04C	Трпезно грозје	285. Трпезно грозје
G04D	Суво грозје	291. Суво грозје
G05	Расадници	157. Расадници
G06	Други повеќегодишни култури	158. Други повеќегодишни култури
G07	Повеќегодишни култури под стакленик	156. Повеќегодишни култури кои се под заштитен простор
I02	Печурки	139. Печурки
II. Добиток		
J01	Копитари	22. Копитари (сите возрасти)
J02	Говеда до една година (машки + женски)	23. Телиња за тов 24. Други говеда под една година
J03	Говеда од 1-2 години	25. Машки грла говеда, од 1-2 години
J04	Говеда 1-2 години – женки грла за тов, говеда од 1-2 години – женски грла за приплод	26. Женски грла говеда, од 1-2 години

J05	Машки (бикови и кастрирани јунци за гоење	27. Машки грла говеда од 2 години и повеќе
J06	Јуници за приплод	28. Расплодни јуници 29. Јуници за тов
J07	Молзни крави	30. Млечни крави 31. Пресушени млечни крави
J08	Други крави (вклучувајќи систем крава теле)	32. Други крави
J09	Овци сите возрасти	
J09A	Овци за приплод	40.Овци за приплод
J09B	Јагнињa и одбиени јагнињa	41. Други овци
J10A	Кози за приплод	38. Кози за приплод
J10B	Јарињa	39.Други кози
J11	Прасињa со жива мера под 20 кг.	43. Прасињa
J12	Назимки, Назимки со прасињa, Маторици	44. Маторици за приплод
J13.	Свињи од 21-50 кг Свињи од 51-80 кг Свињи од 81-110 кг Свињи над 110 кг	45. Свињи за тов 46. Други свињи
J14	Бројлери	47. Бројлери
J15	Несилки	48. Несилки
J16	Друга живина Мисирки Гуски	49. Друга живина
J17	Зајаци вкупно	34.Зајаци, женски за приплод
J18	Пчели	33. Пчели

II.: Кодови за прегрупирање на неколку видови на производство кои се вклучени во структурните истражувања на земјоделските стопанства

P45. Говеда за производство на млеко =J02 (говеда до една година машки+женски) + J04 (говеда, 1-2 години- женски грла за тов, говеда од1-2 години - женски грла за приплод) + J06 (јуници за приплод) +J07 (молзни крави).

P46. *Говеда* = P45 (говеда за производство на млеко) + J03 (говеда од 1-2 години) + J05 (машки –бикови и кастрирани јунци за гоење) + J08 (други крави - вклучувајќи систем крава теле).

ТД *Тревопасен добиток* = J01 (копитари) + P46 (говеда) + J09A (овци, женски за приплод) + J09B (јагнињa и одбиени јагнињa) +J10A (кози за приплод) +J10B (јарињa).

Ако ТД=0 ДХПР1 Добиточна храна за продажба = D12 (добиточна репа) + D18 (растенија собрани зелени) +F01 (ливади и пасишта) + F02 (пасишта).

ДХПР4 добиточна храна за тревопасен добиток = 0

P17 Корени = D10 (компир) + D11 (шеќерна репа) + D12 (добиточна репа).

ако ТД>0 ДХПР1 *добиточна храна за продажба* = 0

ДХПР4 добиточна храна за тревопасен добиток = D12 (добиточна репа) D18 (растенија собрани зелени) + F01 (ливади и пасишта)+ F02 (пасишта).

P17 Корени = D10 (компир) + D11 (шеќерна репа).

P151. Жито без ориз = D01 (пченица) + D03 (рж) + D04 (јачмен) +D05 (овес) + D06 (пченка зрно) +D08 (други житни култури).

P15. Жито = P151 (жито без ориз) + D07 (ориз).

P16. Маслодајни култури = D26 (маслодајна репа) + D27 (сончоглед) + D28 (соја) + D29 (лен, масло од лен) + D30 (други маслодајни култури).

P51. Прасиња = J11 (прасиња со тежина под 20 кг.) + J12 (назимки, маторици) + J13 (свињи од 21-50 кг, свињи од 51-80 кг, свињи од 81-110 кг, свињи над 110 кг.)

P52. Живина = J14 (бројлери) + J15 (несилки) + J16 (друга живина).

P1. Општи посеви = P15 (жито) + D09 (протеински култури) + D10 (компир) + D11 (шеќерна репа).

D23. (тутун) + D24 (хмељ) + D25 (памук) + P16 (маслодајни култури) + D31 (лен) + D32 (коноп)+ D33 (други влакнести култури) + D34 (ароматични и лековити растенија) + D35 (други индустриски култури – репрезентативни афион) + D14A (свеж зеленчук, на отворено: индустриски пипер, лубеница, кромид, јагоди, лук и зелка) + D19 (семе и саден материјал) + D20 (други култури на обработливо земјиште) + D21 (угари и друга непосадена обработлива земјоделска површина) + ДХПР1 (добиточна храна за продажба).

P2. Градинарски култури = D14B (свеж зеленчук, градински зеленчук: домати, пиперки, краставици, кромид, лук, морков, зелка, дињи, јагоди и друг зеленчук) + D15 (свеж зеленчук под заштитен простор: домати, пиперки, краставици, кромид, лук, морков, зелка, дињи, јагоди и друг зеленчук) + D16 (цвеќиња и декоративни растенија на отворено) + D17 (цвеќиња и декоративни растенија — под заштитен простор) + I02 (печурки) + G05 (расадници).

P3. Повеќегодишни култури = G01 (овошје: јаболка, круши, сливи, вишни, цреши праски, кајсии и друго овошје) + G02 (цитрусни плантажи) + G03 (плантажи со маслинки) + G04 (лозја) + G06 (други повеќегодишни култури) + G07 (повеќегодишни култури под заштитен простор).

P4. Тревопасен добиток и добиточна храна = ТД (тревопасен добиток) + ДХПР4 (добиточна храна за тревопасен добиток) и

P5. *Гранивори* = P51 (прасиња) + P52 (живина) + J17 (зајаци, вкупно).

В. Дефиниција за типот на земјоделското производство

Типовите на земјоделско производство се дефинираат преку две карактеристики:

(а) Природа на дадениот вид на производство

Даден вид на производство се однесува на листа на видови на производство кои се опфатени со структурните истражувања на земјоделските стопанства: на нив се укажува преку користење на кодовите кои се презентирани во табелата Б.I (Коресподенција и кодови за регрупирање) од Прилог 1 кој е составен дел на овој Правилник, или пак со кодовите за прегрупирање на неколку видови на производство, како што е наведено во делот Б.II од Прилог 1 кој е составен дел на овој Правилник.

(б) Прагот кој ги одредува лимитите на класата

Доколку не е поинаку нагласено, овие прагови се изразени како делови од вкупниот Стандард Аутпут на земјоделското стопанство.

Специјализирани земјоделски стопанства – растително производство

Тип на земјоделско производство						Дефиниција	Код на типот на земјоделското производство и прагови (се однесува на дел Б од овој Прилог)
Основен		Главен		Посебен			
Код		Код		Код			
1	Специјализирано за поледелски култури					Растително производство, односно, житни култури, суви мешункасти и протеински култури за производство на зрнеста храна, маслодајни култури, компир, шеќерна репа, индустриски растенија, свеж зеленчук, дињи, јагоди на отворено, обработливо земјиште за производство на семе и саден материјал, останато обработливо земјиште, угари, и добиточна храна за продажба > 2/3	P1 > 2/3
		15	Специјализирано за житни култури, маслодајни култури и протеински култури			Житни култури, маслодајни култури, суви мешункасти и протеински култури > 2/3	P15 + P16 + D09 > 2/3
				151	Специјализирано за житни култури (освен ориз), маслодајни култури и протеински култури	Житни култури без ориз, маслодајни култури, суви мешункасти и протеински култури > 2/3	P151 + P16 + D09 > 2/3
				152	Специјализирано за ориз	Ориз> 2/3	D07 > 2/3

				153	Житни култури, маслодајни култури, протеински култури и ориз комбинирано	Земјоделски стопанства во класа 15, без оние класа 151 и 152	
		16	Општо поледелство			Општо поледелство > 2/3; Житни култури, маслодајни култури, суви мешункасти и протеински култури ≤ 2/3	P15 + P16 +D09 ≤ 2/3
				161	Специјализирано за коренести култури	Компир, шеќерна репа, добиточна храна и производи од fam.Brassicaceae > 2/3	P17 > 2/3
				162	Житни култури,маслодајни култури протеински култури и коренести култури, комбинирано	Житни култури, маслодајни култури, суви мешункасти и протеински култури > 1/3;корени > 1/3	P15 + P16 + D09 > 1/3; P17 > 1/3
				163	Специјализирано за зеленчук	Свеж зеленчук, дињи и јагоди на отворено > 2/3	D14A > 2/3
				164	Специјализирано за тутун	Тутун > 2/3	D23 > 2/3
				165	Специјализирано за памук	Памук > 2/3	D25 > 2/3
				166	Разновидни култури комбинирано	Земјоделски стопанства во класа 16, без 161, 162, 163, 164 и 165	
2	Специјализирано за градинарство					Свеж зеленчук дињи и јагоди – произведени во градини за продажба и под заштитен простор, цвеќе и декоративни растенија – на отворен простор и под заштитен простор, печурки и расадници > 2/3	P2> 2/3

		21	Специјализирано за градинарство– под заштитен простор			Свеж зеленчук дињи и јагоди — под заштитен простор, цвеќе и декоративни растенија под заштитен простор > 2/3	D14B + D17 > 2/3
				211	Специјализирано за зеленчук под заштитен простор	Свеж зеленчук дињи и јагоди — под заштитен простор > 2/3	D15 > 2/3
				212	Специјализирано за цвеќиња и декоративни растенија под заштитен простор	Цвеќе и декоративни растенија под заштитен простор > 2/3	D17 > 2/3
				213	Специјализирано за комбинирано градинарство под заштитен простор	Земјоделски стопанства во класа 21, без оние од класа 211 и 212	
		22	Специјализирано за градинарство – на отворено			Свеж зеленчук дињи и јагоди – произведени во градини за продажба на отворено, цвеќе и декоративни растенија – на отворен простор > 2/3	D14B+D16 >2/3
				221	Специјализирано за зеленчук на отворено	Свеж зеленчук дињи и јагоди – произведени во градини на отворено > 2/3	D14B > 2/3
				222	Специјализирано за цвеќиња и декоративни растенија на отворено	Цвеќе и декоративни растенија – на отворен простор > 2/3	D16 > 2/3
				223	Специјализирано за комбинирано градинарство на отворено	Земјоделски стопанства во класа 22, без оние од класа 221 и 222	

		23	Останато градинарство			Градинарско земјоделско стопанство со градинарство под заштитен простор ≤ 2/3 и градинарство на отворен простор ≤ 2/3	D15 + D17 ≤ 2/3 D14B + D16 ≤ 2/3;
				231	Специјализирано за печурки	Печурки > 2/3	I02 > 2/3
				232	Специјализирано за расадници	Расадници > 2/3	G05 > 2/3
				233	Разновидно градинарство	Земјоделски стопанства во класа 23, без оние од класа 231 и 232	
3	Специјализирано за повеќегодишни култури					Насади со овошје, ситно зрнесто овошје, цитрусно овошје, маслинки, лозја, останати повеќегодишни култури и повеќегодишни култури под заштитен простор > 2/3	P3 > 2/3
		35	Специјализирано за лозови насади			Лозја > 2/3	G04 > 2/3
				351	Специјализирано за квалитетно вино	Лозја од кои се произведува квалитетно вино > 2/3	G04A > 2/3
				352	Специјализирано за вино освен квалитетно вино	Лозја од кои се произведуваат останати вина > 2/3	G04B > 2/3
				353	Специјализирано за трпезно грозје	Лозја од кои се произведува трпезно грозје > 2/3	G04C > 2/3
				354	Останати лозови насади	Земјоделски стопанства во класа 35, без оние од класа 351, 352, и 353	

		36	Специјализирано за овошје и цитрусно овошје			Специјализирано за овошје и цитрусно овошје	G01 + G02 > 2/3
				361	Специјализирано за овошје (освен за цитрусно овошје, тропско и субтропско овошје и јаткесто овошје	Овошје, ситно зрнесто овошје и цитрусно овошје > 2/3	G01D1+ G01D2 > 2/3
				362	Специјализирано за цитрусно овошје	Цитрусно овошје > 2/3	G02 > 2/3
				363	Специјализирано за јаткесто овошје	Јаткесто овошје > 2/3	G01C > 2/3
				364	Специјализирано за тропско и субтропско овошје	Овошје од субтропската климатска зона > 2/3	G01D2 > 2/3
				365	Специјализирано за овошје, цитрусно овошје, тропско и субтропско овошје, јаткесто овошје: мешано производство	Земјоделски стопанства во класата 36, освен оние од класите 361, 362, 363 и 364	
		37	Специјализирано за маслинки	370	Специјализирано за маслинки	Маслинки > 2/3	G03 > 2/3
		38	Разновидни повеќегодишни култури комбинирано	380	Разновидни повеќегодишни култури комбинирано	Земјоделски стопанства во класата 3, освен она од класата 35, 36 и 37	
4	Специјализирано за тревопасен добиток					Добиточна храна за тревопасен добиток, (добиточни репи и растенија од fam.Brassicaceae растенија кои се берат зелени, пасишта, ливади, груби пасишта) и тревопасен добиток (пр. копитари, сите видови на говеда, овци и кози) > 2/3	P4 > 2/3

		45	Специјализирано за производство на млеко	450	Специјализирано за производство на млеко	Молзни крави, > 3/4 од вкупниот тревопасен добиток, тревопасен добиток > 1/10 од тревопасниот добитокот и добиточна храна	J07 > 3/4 ТД; ТД > 1/10 P4
		46	Специјализирано за говеда - приплод и тов	460	Специјализирано за говеда - приплод и тов	Вкупно говеда (говеда под една година, говеда постари од година но помлади од две години и повеќе (машки, јуници, молзни крави и останати крави) > 2/3 од тревопасниот добитокот, молзните крави ≤ 1/10 од тревопасниот добитокот, тревопасен добиток > 1/10 тревопасен добиток и добиточна храна	P46 > 2/3 ТД; J07 ≤ 1/10 ТД; ТД > 1/10 P4
		47	Говеда-производство на млеко, приплод и тов комбинирано	470	Говеда-производство на млеко, приплод и тов комбинирано	Вкупно говеда > 2/3 од тревопасниот добитокот, молзните крави > 1/10 од тревопасниот добитокот, тревопасен добиток > 1/10 од тревопасен добиток и добиточна храна без земјоделските стопанства од класа 45	P46 > 2/3 ТД;J07 > 1/10 ТД; ТД > 1/10 P4; без 45
		48	Овци, кози и друг тревопасен добиток			Земјоделски стопанства од класа 4, без тие од класите 45, 46 и 47 добиток	
				481	Специјализирано за овци	Овци > 2/3 од тревопасниот добитокот, тревопасниот добитокот > 1/10 од тревопасниот добиток и добиточната храна	J09 > 2/3 ТД; ТД > 1/10 P4
				482	Говеда и овци комбинирано	Вкупно говеда > 1/3 од тревопасниот добиток, овци > 1/3 од тревопасниот добиток, тревопасниот добиток > 1/10 од тревопасниот добиток и добиточна храна	P46 > 1/3 ТД; J09> 1/3 ТД; ТД > 1/10 P4

				483	Специјализирано за кози	Кози > 2/3 од тревопасниот добиток, тревопасниот добиток > 1/10 од тревопасниот добиток и добиточна храна	J10 > 2/3 ТД; ТД > 1/10 Р4
				484	Разновиден тревопасен добиток	Земјоделски стопанства во класа 48, без оние од 481, 482 и 483	
5	Специјализирано за гранивори					Гранивори (односно прасиња, маторици за приплод, останати свињи), живина (бројлери, несилки, останата живина) и зајаци, зајаци за приплод > 2/3	Р5 > 2/3
		51	Специјализирано за свињи			Свињи > 2/3	Р51 > 2/3
				511	Специјализирано за свињи за приплод	Маторици за приплод> 2/3	J12 > 2/3
				512	Специјализирано за свињи за тов	Прасиња и други свињи > 2/3	J11 + J13 > 2/3
				513	Специјализирано за приплод и свињи за тов комбинирано	Земјоделски стопанства во класа 51, без оние во класа 511 и 512	
		52	Специјализирано за живина			Живина > 2/3	Р52 > 2/3
				521	Специјализирано за кокошки несилки	Несилки > 2/3	J15 > 2/3

				522	Специјализирано за бројлери	Бројлери и останата живина > 2/3	J14 + J16 > 2/3
				523	Кокошки несилки и бројлери комбинирано	Земјоделски стопанства од класа 52, без оние од класа 521 и 522	
		53	Разновидни гранивори – комбинирано	530	Разновидни гранивори – комбинирано	Земјоделски стопанства од класа 5, без оние од класа 51 и 52	
6	Мешовито растително производство	61	Мешовито растително производство			Општо поледелство и градинарство и повеќегодишни култури > 2/3 освен (општо поледелство ≤ 2/3 и градинарство ≤ 2/3 и повеќегодишни култури ≤ 2/3)	
				611	Градинарство и повеќегодишни култури комбинирано	Градинарство > 1/3; повеќегодишни култури > 1/3	P2 > 1/3; P3 > 1/3
				612	Поледелски култури и градинарство комбинирано	Општо поледелство > 1/3 градинарство > 1/3	P1 > 1/3; P2 > 1/3
				613	Поледелски култури и лозови насади комбинирано	Општо поледелство > 1/3 лозарство > 1/3	P1 > 1/3; G04 > 1/3
				614	Поледелски култури и повеќегодишни култури комбинирано	Општо поледелство > 1/3; повеќегодишни култури > 1/3; лозарство ≤ 1/3	P1 > 1/3; P3 > 1/3; G04 ≤ 1/3
				615	Мешовито, растително производство, воглавно поледелски култури	Општо поледелство > 1/3; без друга активност> 1/3	P1 > 1/3; P2 ≤ 1/3; P3 ≤ 1/3;

				616	Останато мешовито растително производство	Земјоделски стопанства од класа 61, без оние од класа 611, 612, 613, 614 и 615	
7	Мешовито сточарско производство					Тревопасен добиток, добиточна храна и гранивори > 2/3; Тревопасен добиток и добиточна храна ≤ 2/3; гранивори ≤ 2/3	P4 + P5 > 2/3; P4 ≤ 2/3; P5 ≤ 2/3
		73	Мешовит добиток – воглавно тревопасен добиток			Тревопасен добиток и добиточна храна > гранивори	P4 > P5
				731	Мешовит добиток, воглавно за производство на млеко	Говеда, производство на млеко > 1/3 од тревопасен добиток; молзни крави > 1/2 молзни крави	P45 > 1/3 ТД; J07 > 1/2 P45;
				732	Мешовит добиток, воглавно, тревопасен добиток кој не е за производство на млеко	Земјоделски стопанства во класа 73, без оние од класа 731	
		74	Мешовит добиток, воглавно гранивори			Тревопасен добиток и добиточна храна ≤ Гранивори	P4 ≤ P5
				741	Мешовит добиток: гранивори и производство на млеко комбинирано	Говеда, производство на млеко > 1/3 од тревопасен добиток; гранивори> 1/3, молзни крави > 1/2 од говедата,производство на млеко	P45 > 1/3 ТД; P5 > 1/3 J07 > 1/2 P45
				742	Мешовит добиток: гранивори и тревопасен добиток кој не е за производство на млеко	Земјоделски стопанства од класа 74, без оние од класа 741	

8	Мешовито – растително производство и добиток					Земјоделски стопанства без оние од класата 1 до 7 и од класа 9	
		83	Поледелски култури – тревопасен добиток, комбинирано			Општо поледелство > 1/3; тревопасен добиток и добиточна храна > 1/3	P1 > 1/3; P4 > 1/3
				831	Поледелски култури комбинирани со производство на млеко	Говеда, производство на млеко > 1/3 од тревопасен добиток; молзни крави > ½ од говеда, производство на млеко; молзни крави < општо поледелство	P45 > 1/3 ТД; J07 > 1/2 P45; P45 < P1
				832	Производство на млеко комбинирано со поледелски култури	Говеда, производство на млеко > 1/3 тревопасен добиток; молзни крави > 1/2 од говеда, производство на млеко; говеда, производство на млеко ≥ Општо поледелство	P45 > 1/3 ТД; J07 > 1/2 P45; P45 ≥ P1
				833	Поледелски култури комбинирани со тревопасен добиток кој не е за производство на млеко	Општо поледелство > тревопасен добиток добиточна храна, со исклучок на земјоделски стопанства од класа 831	P1 > P4; без 831
				834	Тревопасен добиток кој не е за производство на млеко, комбиниран со поледелски култури	Земјоделски стопанства во класа 83, без оние од класа 831, 832 и 833	
		84	Разновидно растително производство и добиток - комбинирано			Земјоделски стопанства во класа 8, со исклучок на оние во класа 83	

				841	Поледелски култури и гранивори комбинирано	Општо поледелство > 1/3; гранивори> 1/3	P1 > 1/3; P5 > 1/3
				842	Повеќегодишни култури и тревопасен добиток, комбинирано	Повеќегодишни култури > 1/3; тревопасен добиток и добиточна храна > 1/3	P3 > 1/3; P4 > 1/3
				843	Пчеларство	Пчели > 2/3	3.07>2/3
				844	Разновидни мешовити растителни култури и добиток	Земјоделски стопанства од класа 84, со исклучок на оние од класа 841, 842 и 843	

Прилог 2

Економска големина на земјоделско стопанство

А. Економска големина на земјоделско стопанство

Економската големина на земјоделско стопанството се мери како вкупен Стандард Аутпут од земјоделското стопанство во евра.

Б. Класа на економска големина на земјоделското стопанство

Земјоделските стопанствата се класифицирани според класа на големина, а лимитите се наведени подолу.

Класи	Лимити во Евра
I	Помалку од 2 000 евра
II	од 2 000 до помалку од 4 000 евра
III	од 4 000 до помалку од8 000 евра
IV	од 8 000 до помалку од15 000 евра
V	од 15 000 до помалку од25 000 евра
VI	од 25 000 до помалку од50 000 евра
VII	од 50 000 до помалку од100 000 евра
VIII	од 100 000 до помалку од250 000 евра
IX	од 250 000 до помалку од500 000 евра
X	од 500 000 до помалку од750 000 евра
XI	од 750 000 до помалку од1 000 000 евра
XII	од 1 000 000 до помалку од1 500 000 евра
XIII	од 1 500 000 до помалку од3 000 000 евра
XIV	Еднакво или поголемо од 3 000 000 евра

Правилата кои се поставени за примена во полето на истражување за мрежата на прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства и структурните истражувања на земјоделски стопанства може да овозможат класите на големина II и III или III, IV и V, или од III до V, VI и VII, VIII и IX, X и XI, од XII до XIV или од X до XIV да се групираат заедно.

Прилог 3

Останати профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство

А. Дефиниција на останати профитабилни активности (ОПА) кои се директно поврзани со земјоделското стопанство

Профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство, а се поинакви од земјоделските активности на стопанството, се сите активности кои не спаѓаат во земјоделска работа а се директно поврзани со земјоделското стопанство и имаат економско влијание врз стопанството. Тоа се активности каде што се користат или ресурсите на стопанството (земјиште, објекти, машини, земјоделски производи, итн.), или пак производите на земјоделското стопанство.

Б. Оценка на важноста на ОПА директно поврзани со земјоделското стопанство

Уделот на ОПА кои директно се поврзани со земјоделското стопанство во финалниот аутпут на стопанството се проценува како удел од ОПА кои директно се поврзани со обртот на стопанството во вкупниот обрт на земјоделското стопанство (вклучувајќи ги и директните плаќања).

В. Класи кои ја рефлектираат важноста на ОПА кои директно се поврзани со земјоделското стопанство

Земјоделските стопанствата се класифицирани по класи кои ја рефлектираат важноста на ОПА кои директно се поврзани со земјоделското стопанство во финалниот аутпут, чии што лимити се наведени подолу.

Класи	Лимити во процент
I	Од 0 % до 10 %
II	Од повеќе од 10 % до 50 %
III	Од повеќе од 50 % до помалку од 100 %

Прилог 4

Стандард Аутпут (СА)

1. Дефиниција и принципи за пресметување на СА

а. Аутпут на даден вид на земјоделско производство значи монетарна вредност на бруто земјоделското производство по цена на производството продадено од земјоделското стопанство.

Стандард Аутпут (СА) значи вредноста на аутпутот која кореспондира со просечната ситуација во даден регион за секој вид на земјоделско производство.

б. Аутпут е збир на вредностите од главните производи и секундарните производи. Вредностите се пресметуваат со множење на единица производство по цената на единица производ продадено од земјоделското стопанство. ДДВ, даноците на производите и директните плаќања не се вклучени во аутпутот.

в. Производствен период

СА кореспондираат со производствен период од 12 месеци (календарска година или земјоделска производствена година).

За растително или сточарско производство за кое периодот на производство е помал или поголем од 12 месеци, се пресметува СА кој кореспондира со растот на производството во 12 месеци

г. Основни податоци и референтен период

д. СА-те се определуваат со користење на фактори кои се споменати во точка (б). За таа цел, се собираат основни податоци за референтен период кој опфаќа 5 последователни календарски години, или земјоделски производни години. На пример, СА-те кои се однесуваат на референтниот период '2007' ги опфаќа календарските години 2005, 2006, 2007, 2008 и 2009 или земјоделските производствени години 2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09 и 2009/10.

ѓ. Единици

1. Физички единици

а) СА –те за растителното производство се определуваат врз база на површината изразена во хектари.

За печурки, СА се определува врз база на бруто аутпутот за сите годишни последователни берби и се изразува на 100 m2 од површина под печурки. За нивна употреба во контекст на мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, СА -те добиени на овој начин, се делат со бројот на годишни последователни берби.

б) СА –те кои се однесуваат на сточарското производство се определуваат по глава, освен за живината, за која СА –те се определуваат за 100 глави, а за пчелите се определуваат по кошница.

2. Монетарни единици и заокружување

г. Основните податоци за определување на СА и пресметаните СА се пресметани во евра изразени во денарска противвредност. СА може да се заокружи до најблиските EUR 5 во денарска противвредност онаму каде што е потребно.

2. Преглед на СА

а) По вид на производство за растенија и животни

СА се определуваат за сите видови на земјоделско производство кои кореспондираат со насловите од истражувањето на структура на земјоделските стопанства.

б) Географски преглед

- СА се определуваат најмалку врз база на географски единици кои се компатибилни со оние кои се користат за истражување на структурата на земјоделските стопанства и за мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства. Овие географски единици се засноваат на НТЕС. Според НТЕС во Република Македонија, целата територија на Република Македонија е една единица (НТЕС ниво 1 и НТЕС ниво 2).

- Не се определуваат СА за видови на производство кои не се застапени во наведениот географски регион.

3. Прибирање на податоци за определување на СА

а) основните податоци за определување на СА се обновуваат најмалку секогаш кога се спроведува структурни истражувања на земјоделските стопанства, во форма на попис.

б) помеѓу две истражувања на структурата на земјоделските стопанства кои се спроведуваат во форма на попис, СА се ажурираат секогаш кога се спроведува истражување на структурата на земјоделските стопанства. Следново ажурирање се ефектуира или преку:

- обновување на основните податоци на начин сличен на оној кој е наведен под точка (а),

- употреба на метод за пресметување преку кој СА може да се ажурира.

4.Третирање на посебни случаи

Следните специјални правила се наведени за пресметување на СА за одредени видови на производство:

а) Угар без субвенции

СА кој се однесува на угар без субвенции се зема во предвид при пресметување на вкупниот СА на земјоделското стопанство, само тогаш кога постојат други позитивни СА -ти за тоа земјоделско стопанство.

б) Угар кој е предмет на субвенции, без економска корист и пасишта кои не се користат повеќе за производни цели, и се соодветни за плаќање на субвенции.

Бидејќи производството на земјиште кое е предмет на субвенции без економска корист е лимитирана на директни плаќања, СА -те се еднакви на нула.

в) Куќни градини

Бидејќи производството на куќните градини нормално е наменето за сопствено консумирање, а не за продажба, СА –те се еднакви на нула

г) Добиток

За добитокот, видовите на производство се поделени според категорија на возраст. Аутпутот кореспондира со вредноста на растот на животното за времето поминато во категоријата односно разликата помеѓу вредноста кога животното ја напушта категоријата и вредноста кога тоа влегува во категоријата.

д) Говеда под една година, машки и женски

СА -те кој се однесуваат на говеда под една година се земаат во предвид при пресметување на вкупниот СА на земјоделското стопанство само тогаш кога има повеќе говеда под една година, отколку крави во стопанство. Само СА -ти кои се однесуваат на вишокот на бројот на говеда под една година се земаат во предвид.

ѓ) Останати овци и кози

СА -ти кои се однесуваат на останати овци се земаат во предвид при пресметување на вкупниот СА на земјоделското стопанство само тогаш кога нема расплодни женски овци во стопанството.

СА -те кои се однесуваат на останати кози се земаат во предвид при пресметување на вкупниот СА на земјоделското стопанство само тогаш кога нема расплодни женски кози во стопанството.

е) Прасиња

СА -те кои се однесуваат на прасиња се земаат во предвид при пресметување на вкупниот СА на земјоделското стопанство само тогаш кога нема расплодни маторици во стопанството.

ж) Добиточна храна

Доколку нема тревопасен добиток (копитари, говеда, овци или кози) на земјоделското стопанство, кабастата храна (пр. корени, растенија кои се собираат зелени, пасишта и ливади) се смета за наменета за продажба и е дел од општиот растителен аутпут.

Доколку има тревопасен добиток на земјоделското стопанство, кабастата храна се смета за храна на тревопасниот добиток и е дел од аутпутот за тревопасен добиток и аутпутот за кабаста храна.

Прилог 5

Содржина на единствениот образец за определување на доходот на земјоделските стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства

За секој наслов и колона во табелите на овој прилог, потребно е да се посочат дефинициите и упатствата утврдени во прилог 6 кој е составен дел на овој Правилник. Броевите во колоните претставуваат сериски броеви на податоците за земјоделското стопанство. Недоделените броеви се достапни за подоцнежна употреба и се обележуваат со нула.

А. Општи информации за земјоделското стопанство

Број на наслов и опис	Сериски број
1.Број на земјоделско стопанство	
- Регион	1
- Општина	2
- Сериски број на земјоделско стопанство	3
“Неупотребени”	4-5
2. Податоци за компјутерските записи	
“Неупотребени”	6
“Неупотребени”	7-16
- Број на работна единица (сметководствена канцеларија)	17
3. Организациона форма на земјоделското стопанство	18
“Неупотребени”	19
4.“Неупотребени”	20
“Неупотребени”	21
“Неупотребени”	22
“Неупотребени”	23-30
5. Локација на земјоделското стопанство	31
6. Категорија на земјоделското стопанство	
- органско производство	32
- тип на земјоделско производство во моментот на селекција	33
- тип на земјоделско производство врз база на сметководствени податоци	34
- класа на економска големина во моментот на селекција	35
- класа на економска големина врз база на сметководствени податоци	36
7. Датуми на затворање на сметките	
- датум на затварање на сметките	37
“Неупотребени”	38
8. Области со ограничени услови за земјоделско производство	39
9. Други податоци за земјоделското стопанство	
- земјоделска површина која се наводнува	40
- надморска висина	41
- денови на испаша во планини или други пасишта кои не се вклучени во КЗЗ	42
- вкупна површина под заштитен простор,	43
- други профитабилни активности кои се директно поврзани со земјоделското стопанство	44
“Неупотребени”	45
“Неупотребени”	46-47

Б. Тип на посед на земјоделско земјиште

Број на наслов и опис	Серискиброј
10. Користено земјоделско земјиште кое го поседува сопственикот	48
11. Користено земјоделско земјиште под наем	49
12. Користено земјоделско земјиште со удел	50

В. Работна сила

Број на наслов и опис	Код	Година на раѓање	Број на годишни работни единици	Годишно работно време (часови)
	(1)	(2)	(3)	(4)
А. Постојана неплатена работна сила				
13. Сопственик/менаџер (код 1)	51	52	53	54
	55	56	57	58
14. Сопственик/не е менаџер (код 2)	59	60	61	62
	63	64	65	66
15. Менаџер/не е сопственик (код 3)	67	68	69	70
	Број на лица			
16. Сопруг/а на сопственикот	71	-	72	73
17. Останати	74	-	75	76
Б.18. Повремена неплатена работна сила	-	-	-	77
В. Постојана платена работна сила				
19. Менаџер	-	78	79	80
20. Останати	-	-	81	82
Г.21. Повремена платена работна сила	-	-	-	83

Г. Број и вредност на добитокот

Број на наслов и опис	Вредност на почетокот		Вредност на крајот		Просечен број
	Број	Вредност	Број	Вредност	
	(1)	(2)	(3)	(4)	(5)
22. Коњи	86	87	88	89	90
23. Телиња за тов	91	92	93	94	95
24. Останати говеда до една година	96	97	98	99	100
25. Машки говеда од една до две години	101	102	103	104	105
26. Женски говеда од една до две години	106	107	108	109	110

27. Машки говеда од две и повеќе години	111	112	113	114	115
28. Јуници за приплод	116	117	118	119	120
29. Јуници за тов	121	122	123	124	125
30. Млечни крави	126	127	128	129	130
31. Млечни крави за колење	131	132	133	134	135
32. Останати крави	136	137	138	139	140
33. Пчелни семејства	141	142	143	144	145
34. Зајаци за приплод	146	147	148	149	150
35. 'Неупотребено'	151	152	153	154	155
36. 'Неупотребено'	156	157	158	159	160
37. 'Неупотребено'	161	162	163	164	165
38. Кози за приплод	166	167	168	169	170
39. Останати кози	171	172	173	174	175
40. Овци за приплод	176	177	178	179	180
41. Останати овци	181	182	183	184	185
42. 'Неупотребено'	186	187	188	189	190
43. Прасиња	191	192	193	194	195
44. Свињи за приплод	196	197	198	199	200
45. Свињи за тов	201	202	203	204	205
46. Останати свињи	206	207	208	209	210
47. Бројлери	211	212	213	214	215
48. Кокошки несилки	216	217	218	219	220
49. Останата живина	221	222	223	224	225
50. Останати животни	-	227	-	229	-

Д. Набавка и продажба на добиток

Број на наслов и опис	Набавка на добиток	Продажба на добиток	Консумирање на земјоделското стопанство и приходи во натура
	(1)	(2)	(3)
51. Коњи	231	232	233
52. Говеда	234	235	236
53. Неупотребено'	237	238	239
54. Овци	240	241	242
55. Кози	243	244	245
56. Свињи	246	247	248
57. Живина	249	250	251
58. Останати животни	252	253	254

Ѓ. Трошоци

Број на наслов и опис	Сериски број
Трошоци за работна сила и машински трошоци	
59. Плати и социјално осигурување	259
60. Работа под договор и изнајмување на машини	260
61. Одржување на машини и опрема	261
62. Моторни горива и масла	262
63. Трошоци за автомобил	263

Специфични трошоци за сточарство	
Набавена храна:	
64. Концентрат за тревопасен добиток (коњи, говеда, овци, кози)	264
65. Кабаста храна за тревопасен добиток (коњи, говеда, овци, кози)	265
66. Храна за свињи	266
67. Храна за живина и останати мали животни	267
Добиточна храна произведена на земјоделското стопанство, употребена за:	
68. Тревопасен добиток (коњи, говеда, овци, кози)	268
69. Свињи	269
70. Живина и останати мали животни	270
71. Останати специфични трошоци за добитокот	271
Специфични трошоци за растително производство	
72. Купено семе и саден материјал	272
73. Семе и саден материјал произведени и искористени на земјоделското стопанство	273
74. Губре и подобрувачи на почвата	274
75. Средства за заштита	275
76. Останати специфични трошоци за растително производство	276
77. Специфични трошоци за шумарство	277
Општи трошоци	
78. Одржување на објекти и подобрување на почвата	278
79. Електрична енергија	279
80. Гориво за греење	280
81. Вода	281
82. Осигурување	282
83. Даноци и останати обврски	283
84. Останати општи трошоци	284
Трошоци за користење на земјиште	
85. Платена закупнина	285
86. Од која: платена закупнина за земјиштето	286
87. Осигурување на објектите на земјоделското стопанство	287
88. Даноци за земјиштето и објектите	288
Платена камата	
89. Платени камати и финансиски трошоци, вкупно:	289
90. Камати и финансиски трошоци за кредити за купување на земјиште и објекти	290
91. Од кои: за купување на земјиште	291
92. Камати и финансиски трошоци за кредити за обртен капитал	292
93. Вкупни трошоци	293

Е. Земјиште и објекти, основен и обртен капитал

Број на наслов и опис	Неупотребено		Вредност на почеток	Инвестиција		Продажба	Амортизација	Вредност на крајот
				Предземање на субвенциите	Субвенции			
	(1)	(2)	(3)	(4)	(5)	(6)	(7)	(8)
94. Земјоделско земјиште и објекти, од кои:	294	295	296	297	298	299	300	301
95. Земјоделско земјиште	302	303	304	305	306	307	308	309
96. Повеќегодишни култури	310	311	312	313	314	315	316	317

97. Подобрување на почвата	318	319	320	321	322	323	324	325
98. Земјоделски објекти	326	327	328	329	330	331	332	333
99. Аквизициски трошоци (трошоци за набавка)	334	335	336	337	338	339	340	341
100. Шумско земјиште, вклучувајќи ги и дрвјата во шумата	342	343	344	345	346	347	348	349
101. Машини и опрема	350	351	352	353	354	355	356	357
102. Обртен капитал	358	359	360	361	362	363	364	365
103. Вкупно	366	367	368	369	370	371	372	373

Ж. Долгови (Обврски)

Број на наслов и опис	Вредност на почеток				Вредност на крај			
	Вкупно	Од кои за			Вкупно	Од кои за		
		Земјиште и објекти		Други основни средства		Земјиште и објекти		Други основни средства
		Вкупно	Од кои земјиште			Вкупно	Од кои земјиште	
	(1)	(2)	(3)	(4)	(5)	(6)	(7)	(8)
104. Долгорочни и среднорочни кредити	374	375	376	377	378	379	380	381
105. Краткорочни кредити и кредитори	382	383	384	385	386	387	388	389
106. Вкупно	390	391	392	393	394	395	396	397

З. Данок на Додадена Вредност (ДДВ)

Број на наслов и опис		Сериски број
107.	Систем на ДДВ	400
	'Неупотребено'	401
108.	ДДВ за продажба	402
109.	ДДВ за набавка	403
110.	ДДВ за инвестиции	404
111.	Повратен ДДВ од даночните власти	405

S. Грантови и субвенции

Мора да се наведат сите детали

Број на наслов	Опис	Код	Износ
112.	'Неупотребено'	-	408
113.	'Неупотребено'	409	до.....
	'Неупотребено'	...	448

114.	'Неупотребено'	-	449
115.	'Неупотребено'	450	до.....
	'Неупотребено'	...	469
116.	'Неупотребено'	-	470
117.	'Неупотребено'	471	до.....
	'Неупотребено'	...	480
118.	'Неупотребено'	-	481
119.	'Неупотребено'	-	482
	Разлики од претходната сметководствена година	-	483

И. Производство (без добиток)

Производ (наслов)	Вид на култура (код)	Податоци кои недостасуваат	Површина	Производство во сметководствената година	Вредност на почеток	Продажба	Сопствена потрошувачка на земјоделското стопанство и приход во натура	Вредност на крај	Користење на земјоделското стопанство
(1)	(2)	(3)	(4)	(5)	(6)	(7)	(8)	(9)	(10)
488	489	490	491	492	493	494	495	496	497
498	-	-	-	-	-	-	-	-	-
-	-	-	-	-	-	-	-	-	(1)

(1) Последниот серискиброј = 487+ (10 x бројот на внесените производи)

Прилог 6

Дефиниции и инструкции за пополнување на Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства

Општи дефиниции и инструкции

а. Податоците за доходот на земјоделските стопанства се однесуваат на едно земјоделско стопанство за една сметководствена година од 12 последователни месеци.

б. Податоците од Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства. Овие податоци се однесуваат на активностите на самото земјоделско стопанство, и онаму каде е соодветно и на шумарството и туризмот кои се поврзани со активностите на земјоделското стопанство. При пополнување на образецот не се зема во предвид се што е поврзано со неземјоделски активности на земјоделското стопанство, сопственикот на земјоделското стопанство или на неговото семејство, или со некаква пензија, наследство, приватни банкарски сметки, имот кој е надвор од земјоделското стопанство, лично оданочување, лично осигурување и др.

Во случај кога средствата за производство на земјоделското стопанство (платена или неплатена работна сила, машини или опрема) се користат за зголемување на вредноста на основните средства (конструкција или големи поправки на машините, изградба или големи поправки или пак дури и рушење на објектите, садење или сечење на овошките), соодветните трошоци или проценка за истите не се вклучуваат во обртните трошоци на земјоделското стопанство. Во секој случај, трошоците за работна сила и работните часови за производство на основните средства треба да се исклучат од трошоците и од податоците за работна сила. Во исклучителни случаи, доколку одредени трошоци (поинакви од трошоците за работна сила) се користат за производство на основни средства и не можат да се пресметаат посебно (на пример, користење на трактор на земјоделското стопанство) т.е. доколку овие издатоци тогаш се вклучени во трошоци, проценката на сите овие трошоци кои се користени за производство на основни средства се внесуваат во насловот 181 (Останати производи и добивки).

Во секој случај, вредноста на основните средства кои се произведени, треба да се определи врз база на нивните трошоци (вклучувајќи ја и вредноста на неплатената и платената работна сила) и мора да биде дадена кон вредноста на основните средства која е дадена под насловите 94 до 101.

в. Податоците во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства се земат од сметките кои се чуваат систематски и редовно, преку цела сметководствена година.

г. Сметководствените податоци се искажуваат во парична вредност:

- или без ДДВ,

- или со ДДВ под услови кои се наведени подолу (види наслови од 107 до 110).

д. Сметководствените податоци кои се изразени во парична вредност, се искажуваат без грантови или субвенции. Грантови и субвенции се сите форми на директна помош од државните фондови со кои е остварена посебна добивка .

ѓ. Во однос на грантовите и субвенциите:

- во табелата Е грантовите и субвенциите кои треба да се внесат се оние кои се добиени во текот на сметководствената година, вклучувајќи ги и оние кои се добиени за инвестиции кои се направени во претходните сметководствени години,

- во табелата S се запишуваат:

1. сите директни плаќања кои се однесуваат на производството, површините или добитокот поврзани со тековната сметководствена година, дури и кога сеуште не се добиени,

2. за плаќањата во однос на руралниот развој, се внесува само износот кој е добиен во текот на сметководствената година,

е. Податоците во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства треба да бидат дадени во следните единици, и со следниот степен на точност:

- вредности: вредности во денари без децимали,

- физички количини: во квинтали (q = 100 кг), освен во случаи кога станува збор за јајца, кои треба да се изразат во илјади, и вино и слични производи, кои треба да се изразат во хектолитри,

- површини: во ари, освен во случаи на печурки, кои треба да се изразат во квадранти метри од вкупната површина,

- просечен број на добитокот: до едно децимално место, освен за живина и зајаци, кои треба да се изразат со цели броеви, и пчели кои треба да се изразат со број на кошници,

- единици за работна сила: до две децимални места.

Непроменливите позиции (види табели А до И од Прилог 5) каде не се искажува ништо се пополнуваат со нули.

Дефиниции и инструкции кои се однесуваат на поедини ставки во Единствениот образец за определување на доходот на земјоделски стопанства и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства

А. Опши информации за земјоделското стопанство

1. Број на земјоделско стопанството

Секое земјоделско стопанство кое е селектирано за прв пат за прибирање на структурни податоци за определување на доходот на земјоделското стопанство добива свој број. Земјоделското стопанство го задржува доделениот број за целокупниот временски период на неговата вклученост во мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства. Бројот кој што е еднаш доделен на едно земјоделско стопанство, никогаш повеќе не се доделува на друго земјоделско стопанство.

Сепак, кога некое земјоделско стопанство спроведува фундаментална промена, а особено кога таа промена е резултат на поделба на две посебни земјоделски стопанства, или пак се спојува со друго земјоделско стопанство, тоа земјоделско стопанство се смета како ново земјоделско стопанство. Во ваков случај на земјоделското стопанство му се доделува нов број. Кога некое земјоделско стопанство го менува видот на земјоделското производство со кое се занимава, тоа земјоделско стопанство не добива нов број.

Бројот на земјоделското стопанство содржи три групи на показатели како што следува:

- Регион – се доделува код број
- Општина – се доделува код број

Регионот и општината треба да се засновани на заедничкиот систем за класификација на регионите, кој се однесува на Номенклатурата за територијални единици за статистика (во понатамошен текст: НТЕС).

- Сериски број 3 – сериски број на земјоделското стопанство

2. Податоци за компјутерските записи

Податоците кои одговараат на првите пет сериски броеви ја сочинуваат ознаката на земјоделското стопанство. Тие се повторуваат на почетокот на секој запис. Шестиот податок на секое земјоделско стопанство го дава бројот на неразделивите групи со 10 податоци.

3. Организациона форма на земјоделското стопанство

